# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 58 | Год. LXI | Вторник, 19 јули 2005 | Цена на овој број е 320 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 851. | **Закон** за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија | 2 |
| 852. | **Закон** за дополнување на Законот за заштита на сведоци............................... | 4 |
| 853. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства... | 4 |
| 854. | **Одлука** за избор на заменици на Народниот правобранител......................... | 6 |
| 855. | **Одлука** за продажба на становите во сопственост на Република Македонија | 6 |
| 856. | **Одлука** за давање согласност за склучување на договор за давање на трајно користење на материјално-технички средства и опрема............................ | 14 |
| 857. | **Одлука** за изменување на Одлуката за пренесување на право на користење на дел од недвижен имот................ | 14 |
| 858. | **Одлука** за престанок на користење и за давање на користење на недвижни ствари | 14 |
| 859. | **Правилник** за спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост... | 14 |
| 860. | **Правилник** за начинот за докажување на исполнувањето на условите за здобивање и одземање на одобренијата за вршење на работи на застапување во царинските постапки и за царинската лиценца за вршење на застапување....... | 17 |
| 861. | **Правилник** за програмата и содржината на посебниот стручен испит за вршење на застапување во царинските постапки и за определување на трошоците и надоместоците за спроведување на стручниот испит............................................... | 19 |
| | **Агенција за електронски комуникации на РМ** | |
| 40. | **План** за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија.................................. | 19 |
| 41. | **Правилник** за радиофреквенции кои можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции...... | 24 |
| 42. | **Правилник** за содржината и формата на нотификацијата, потребната документација и потврдата за регистрација............................................ | 34 |
| 43. | **Правилник** за содржината и формата на барањето за доделување на броеви и серии на броеви и податоците што се приложуваат кон барањето............. | 42 |
| | **Коефициенти** за порастот на цените на производителите на индустриски производи во Република Македонија за јуни 2005 година - претходни податоци........... | 46 |
| | **Огласен дел.........................................** | **1-64** |

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**851.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА ЗНАМИЊАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јули 2005 година.

Бр. 07-2811/1
15 јули 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА УПОТРЕБА НА ЗНАМИЊАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат правото и начинот на употребата на знамињата преку кои заедниците во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и особеностите.

Член 2

Заедниците во Република Македонија заради изразување на својот идентитет и особеностите имаат право да употребуваат знаме.

Под знаме, во смисла на ставот 1 од овој член, се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености.

Член 3

Заедниците во Република Македонија, знамето со кое ги изразуваат својот идентитет и особеностите, го употребуваат во јавниот, службениот и приватниот живот на начин утврден со овој закон.

### II УПОТРЕБА НА ЗНАМИЊАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ

#### 1. Употреба на знамињата на заедниците во јавниот и службениот живот

Член 4

Во единицата на локалната самоуправа, во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локалната самоуправа, согласно со членот 2 од овој закон, пред и во објектите на органите на единицата на локалната самоуправа постојано се истакнати знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница.

Член 5

Во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локалната самоуправа, согласно со членот 2 од овој закон, пред и во објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата, јавните служби и правните лица основани од единицата на локалната самоуправа, на улиците, плоштадите и други инфраструктурни објекти, покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа заедница:

- во денови на државни и други празници на Република Македонија утврдени со закон;
- во денови на празници на заедниците;
- во денови на општински и други празници утврдени со одлука на советот на единицата на локалната самоуправа;
- при пречек и испраќање на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија и претседателот и членови на Владата на Република Македонија и
- при официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава, како и на суверен или висок претставник на меѓународната заедница.

Член 6

Во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локалната самоуправа, согласно со членот 2 од овој закон, доколку се истакне знамето на таа заедница, се истакнува и знамето на Република Македонија:

- при меѓународни средби, натпревари и други собири (политички, научни, културно-уметнички, спортски и други) на кои единицата на локалната самоуправа е организатор, учествува или е презентирана, во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири и
- при прослави, свечености и други политички, културни, спортски и слични манифестации кои се од значење за единицата на локалната самоуправа.

Во случаите од ставот 1 на овој член, знамињата се истакнуваат истовремено пред и во објектите во кои се одржуваат средби, натпревари, собири, прослави, свечености и манифестации.

#### 2. Употреба на знамињата на заедниците во приватниот живот

Член 7

Припадниците на заедниците во Република Македонија знамето преку кое го изразуваат својот идентитет и особеностите имаат право да го употребуваат во приватниот живот и при одржувањето на културни, спортски и други приредби што ги организираат припадниците на заедниците во Република Македонија.

#### 3. Начин на истакнување на знамињата на заедниците

Член 8

Во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата, а се мнозинство во таа единица на локалната самоуправа, знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница се истакнуваат на следниов начин кога:

- знамето на Република Македонија е истакнато заедно со знамето на заедницата и знамето на единицата на локалната самоуправа, знамето на Република Македонија се истакнува во средината, додека знамето на заедницата е два метра надесно, гледано однапред, а знамето на единицата на локалната самоуправа е два метра налево од државното знаме;
- знамето на Република Македонија е истакнато заедно со знамето на заедницата, знамето на заедницата е надесно, гледано однапред, од знамето на Република Македонија и
- се истакнати повеќе од три знамиња, знамето на Република Македонија ќе биде прво во редот.

Член 9

Советот на единицата на локална самоуправа донесува одлука со која го определува надлежниот субјект за истакнување на знамињата согласно со членовите 5 и 6 на овој закон.

III КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Со парична казна од 50.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице кое постапува спротивно на одредбите од членовите 4 и 5 на овој закон.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 20.000 до 50.000 денари и одговорното лице во правното лице.

Член 11

Со парична казна од 30.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице кое постапува спротивно на одредбите од членот 6 на овој закон.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 10.000 до 30.000 денари и одговорното лице во правното лице.

Член 12

Со парична казна од 20.000 до 150.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице кое постапува спротивно на одредбите од членот 8 на овој закон.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 5.000 до 15.000 денари и одговорното лице во правното лице.

IV ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I G J I**
**PËR PERDORIMIN E FLAMUJVE TË BASHKESIVE NË REPUBLIKEN E MAQEDONISE**

I. DISPOZITA TË PERGJITHSHME

Neni 1

Me kete ligj rregullohet e drejta dhe menyra e perdorimit të flamujve nepermjet të së cilave bashkesite në Republiken e Maqedonise e shprehin identitetin dhe vecorite e tyre.

Neni 2

Bashkesite në Republiken e Maqedonise me qellim të shprehjes së identitetit dhe vecorive të tyre kane të drejte të perdorin flamur.

Me flamur, në kuptim të paragrafit 1 të ketij neni, nenkuptohet flamuri që bashkesite e kane zgjedhur dhe që e perdorin si flamur për shprehjen e identitetit dhe vecorive të tyre.

Neni 3

Bashkesite në Republiken e Maqedonise, flamurin me të cilin e shprehin identitetin dhe vecorite e tyre, e perdorin në jeten publike, zyrtare dhe private në menyre të percaktuar me kete ligj.

II. PERDORIMI I FLAMUJVE TË BASHKESIVE

**1. Perdorimi i flamujve të bashkesive në jeten publike dhe zyrtare**

Neni 4

Në njesine e vetadministrimit lokal, në të cilen jetojne qytetare të perkatesise së bashkesise dhe jane shumice në atë njesi të vetadministrimit lokal, në pajtim me nenin 2 të ketij ligji, para objekteve dhe në objektet e organeve të njesise së vetadministrimit lokal vazhdimisht qendrojne flamuri i Republikes së Maqedonise dhe flamuri i asaj bashkesie.

Neni 5

Në njesine e vetadministrimit lokal në të cilen jetojne qytetare të perkatesise së bashkesive dhe jane shumice në atë njesi të vetadministrimit lokal, në pajtim me nenin 2 të ketij ligji, para objekteve dhe në objektet e organeve shteterore, të sherbimeve publike dhe të personave juridike të themeluara nga shteti, të sherbimeve publike dhe të personave juridike të themeluara nga njesia e vetadministrimit lokal, në rruge, në sheshe, dhe në objekte të tjera të infrastruktures, pervec flamurit të Republikes së Maqedonise vendoset edhe flamuri i asaj bashkesie:

- në ditet e festave shteterore dhe festave të tjera të Republikes së Maqedonise të percaktuara me ligj;
- në ditet e festave të bashkesive;
- në ditet e festave komunale dhe festave të tjera të percaktuara me vendim të Keshillit të njesise së vetadministrimit lokal;
- gjate pritjes dhe percjelljes së kryetarit të Republikes së Maqedonise, kryetarit të Kuvendit të Republikes së Maqedonise dhe të kryeministrit dhe të anetareve të Qeverise së Republikes së Maqedonise, dhe
- gjate ardhjes zyrtare të kryetarit ose të kryeministrit të shtetit të huaj, si dhe të perfaqesuesit sovran ose të larte të bashkesise nderkombetare.

Neni 6

Në njesine e vetadministrimit lokal, në të cilen jetojne qytetare të perkatesise së bashkesise dhe jane shumice në atë njesi të vetadministrimit lokal, në pajtim me nenin 2 të ketij ligji, nese vendoset flamuri i asaj bashkesie, vendoset edhe flamuri i Republikes së Maqedonise.

- gjate takimeve nderkombetare, garave dhe takimeve të tjera (politike, shkencore, kulturore-artistike, sportive dhe takime të tjera) për të cilat njesia e vetadministrimit lokal eshte organizator, merr pjese ose eshte e prezantuar, në pajtim me rregullat dhe praktiken e mbajtjes së atyre takimeve; dhe
- gjate kremtimeve, solemniteteve dhe manifestimeve të tjera politike, kulturore, sportive dhe manifestimeve të ngjashme që jane të rendesishme për njesine e vetadministrimit lokal.

Në rastet nga paragrafi 1 të ketij neni, flamujt vendosen njekohesisht para objekteve dhe në objektet në të cilat mbahen takime, gara, tubime, kremtime, solemnitete dhe manifestime.

**2. Perdorimi i flamujve të bashkesive në jeten private**

Neni 7

Pjesetaret e bashkesive në Republiken e Maqedonise flamurin nepermjet të cilit e shprehin identitetin dhe vecorite e tyre kane të drejte ta perdorin në jeten private edhe gjate mbajtjes së organizimeve kulturore, sportive dhe organizimeve të tjera që i organizojne pjesetaret e bashkesive në Republiken e Maqedonise.

**3. Menyra e vendosjes së flamujve të bashkesive**

Neni 8

Në njesine e vetadministrimit lokal në të cilen jetojne qytetare, pjesetare të bashkesise, dhe jane shumice në atë njesi të vetadministrimit lokal, flamuri i Republikes së Maqedonise dhe flamuri i asaj bashkesie vendoset në menyren vijuese:

- kur flamuri i Republikes së Maqedonise eshte vendosur bashkerisht me flamurin e bashkesise dhe flamurin e njesise së vetadministrimit lokal, flamuri i Republikes së Maqedonise vendoset në mes, ndersa flamuri i bashkesise vendoset dy metra në të djathte, shikuar nga para, ndersa flamuri i njesise së vetadministrimit lokal vendoset dy metra në të majte nga flamuri shteteror.
- kur flamuri i Republikes së Maqedonise eshte vendosur bashkerisht me flamurin e bashkesise, flamuri i bashkesise vendoset në të djathte, shikuar nga para, nga flamuri i Republikes së Maqedonise dhe
- kur jane të vendosur më shume se tre flamuj, flamuri i Republikes së Maqedonise do të jete i pari në radhe.

Neni 9

Keshilli i njesise së vetadministrimit lokal merr vendim me të cilin e percakton subjektin kompetent për vendosjen e flamujve në pajtim me nenin 5 dhe 6 të ketij ligji.

III. DISPOZITAT NDESHKUESE

Neni 10

Me denim me para prej 50 000 deri në 300 000 denare do të denohet për kundervajtje personi juridik i cili vepron në kundershtim me dispozitat nga nenet 4 dhe 5 të ketij ligji.

Për kundervajtjen nga paragrafi 1 të ketij neni do të denohet me denim me para prej 20 000 deri në 50 000 denare edhe personi pergjegjes i personit juridik.

Neni 11

Me denim me para prej 30 000 deri 200 000 denare do të denohet për kundervajtje personi juridik i cili vepron në kundershtim me dispozitat nga neni 6 i ketij ligji.

Për kundervajtjen nga paragrafi 1 të ketij neni do të denohet me denim me para prej 10 000 deri në 30 000 denare edhe personi pergjegjes i personin juridik.

Neni 12

Me denim me para prej 20 000 deri në 150 000 denare do të denohet për kundervajtje personi juridik i cili vepron në kundershtim me dispozitat nga neni 8 i ketij ligji.

Për kundervajtjen nga paragrafi 1 të ketij neni do të denohet me denim në para prej 5 000 deri në 15 000 denare edhe personi pergjegjes i personit juridik.

IV. DISPOZITA PERFUNDIMTARE

Neni 13

Ky ligj hyn në fuqi diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten zyrtare të Republikes së Maqedonise".

**852.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за заштита на сведоци,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јули 2005 година.

Бр. 07-2813/1
15 јули 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ**

Член 1

Во Законот за заштита на сведоци ("Службен весник на Република Македонија" број 38/ 2005), во членот 6 став 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**L I G J I**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJEN E DËSHMITARËVE**

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtjen e dëshmitarëve ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 38/2005), në nenin 6 paragrafi 1 pika zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "duke pasur parasysh përfaqësimin adekuat dhe të drejtë të pjesëtarëve të bashkësive".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**853.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ПРОГОНУВАНИТЕ И ЗАТВОРАНИТЕ ЛИЦА ЗА ИДЕИТЕ НА САМОБИТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НЕГОВАТА ДРЖАВНОСТ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затворaните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јули 2005 година.

Бр. 07-2814/1
15 јули 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ПРОГОНУВАНИТЕ И ЗАТВОРАНИТЕ ЛИЦА ЗА ИДЕИТЕ НА САМОБИТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НЕГОВАТА ДРЖАВНОСТ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА**

Член 1

Во Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2002), по членот 1 се додаваат три нови члена 1- а, 1-б и 1-в, кои гласат:

"Член 1-а

За прогонувано и затворано лице за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност (во натамошниот текст: прогонувано лице), во смисла на овој закон, се смета лице кое во периодот од 1945 до 1991 година, на политичка и идеолошка основа, а поради пројавените идеи и активности за создавање на независна, обединета и демократска држава Македонија било:

1) затворано;
2) осудено на смртна казна или на казна затвор;
3) испратено на поправителна работа;
4) испратено на принудна работа и
5) интернирано.

Член 1-б

За затворано лице во смисла на членот 1-а точка 1 од овој закон се смета лице кое врз основа на правосилна судска одлука издржувало казна затвор или на друг начин без спроведување на судска постапка било упатено на издржување и издржувало казна затвор, поради пројавените идеи и активности за создавање на независна, обединета и демократска држава Македонија.

За осудувано лице на смртна казна или на казна затвор во смисла на членот 1-а точка 2 од овој закон се смета лице кое со правосилна судска пресуда е осудено на смртна казна или на казна затвор за кривични дела за пројавените идеи и активности за создавање на независна, обединета и демократска држава Македонија.

За лице кое е испратено на поправителна или на принудна работа во смисла на членот 1-а точки 3 и 4 од овој закон се смета лице кое врз основа на правосилна судска одлука или на друг начин без спроведување на судска постапка било испратено на поправителна или на принудна работа при што било присилено да работи на одредена работа и под одреден режим, поради пројавените идеи и активности за создавање на независна, обединета и демократска држава Македонија.

За интернирано лице во смисла на членот 1-а точка 5 од овој закон се смета лице на кое државата му одредила принудно место на престојување при што лицето било принудено да го напушти својот дом, поради пројавените идеи и активности за создавање на независна, обединета и демократска држава Македонија.

Член 1-в

За прогонувано и затворано лице во смисла на овој закон се смета и лице кое е лишено од живот или од слобода без правосилна судска одлука."

Член 2

Во членот 4 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Документацијата потребна за утврдување на својството на прогонувано лице од членовите 1-а и 1-б од овој закон, како и за остварување на правата утврдени со овој закон со посебен акт ги пропишува министерот за финансии, во согласност со министерот за труд и социјална политика и министерот за внатрешни работи."

Член 3

Во членот 5 став 1 точката 2 се брише.

Точките 3, 4 и 5 стануваат точки 2, 3 и 4.

Член 4

Во членот 10 по зборовите: "освен правата за материјално обезбедување" се става запирка, а зборовите: "и еднократен паричен надоместок " се бришат.

Член 5

Министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика и министерот за внатрешни работи актот од членот 2 на овој закон ќе го донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J I
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TË DREJTAT E PERSONAVE TË PËRNDJEKUR DHE TË BURGOSUR PËR IDETË E VETËQENIES SË POPULLIT MAQEDONAS DHE SHTETËSISË SË TIJ DHE TË ANËTARËVE TË FAMILJEVE TË TYRE

Neni 1

Në Ligjin për të drejtat e personave të përndjekur dhe të burgosur për idetë dhe vetëqenien e popullit maqedonas dhe shtetësisë së tij dhe të anëtarëve të familjeve të tyre ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 61/2002), pas nenit 1 shtohen tri nene të reja 1-a, 1-b dhe 1-v si vijojnë:

"Neni 1-a

Si person i përndjekur dhe i burgosur për idetë e vetëqenies së popullit maqedonas dhe shtetësisë së tij (në tekstin e mëtejmë: person i përndjekur), sipas këtij ligji, konsiderohet personi i cili në periudhën prej vitit 1945 deri në vitin 1991, në bazë politike dhe ideologjike e për shkak të ideve dhe aktiviteteve të paraqitura për krijimin e shtetit të Maqedonisë së pavarur të bashkuar, dhe demokratike ka qenë:

1) i burgosur;
2) i dënuar me dënim me vdekje ose dënim me burg;
3) i dërguar në punë përmirësuese;
4) i dërguar në punë të detyrueshme dhe
5) i internuar.

Neni 1-b

Si person i burgosur sipas nenit 1-a pika 1) e këtij ligji konsiderohet personi, i cili në bazë të vendimit të plotfuqishëm gjyqësor ka vuajtur dënimin me burg ose në mënyrë tjetër pa zbatimin e procedurës gjyqësore është dërguar në mbajtjen ose e ka mbajtur dënimin me burg, për idetë dhe aktivitetet e paraqitura për krijimin e shtetit të Maqedonisë së pavarur, të bashkuar, dhe demokratike.

Si person i dënuar me dënim me vdekje ose dënim me burg sipas nenit 1-a pika 2) e këtij ligji, konsiderohet personi i cili me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor është dënuar me dënim me vdekje ose me dënim me burg për vepra penale për aktivitetet dhe idetë e paraqitura për krijimin e shtetit të Maqedonisë së pavarur, të bashkuar, dhe demokratike.

Si person i dërguar në punë përmirësuese ose të detyrueshme sipas nenit 1-a pikat 3) dhe 4) të këtij ligji konsiderohet personi i cili në bazë të vendimit të plotfuqishëm gjyqësor ose në mënyrë tjetër pa zbatimin e procedurës gjyqësore është dërguar në punë përmirësuese ose të detyrueshme, me ç'rast ka qenë i detyruar të punojë në punë dhe nën regjim të caktuar, për shkak të ideve dhe aktiviteteve të paraqitura për krijimin e shtetit të Maqedonisë së pavarur, të bashkuar dhe demokratike.

Si person i internuar sipas nenit 1-a pika 5) e këtij ligji konsiderohet personi të cilit shteti i ka caktuar vend të detyrueshëm të qëndrimit, me ç'rast personi ka qenë i detyruar që ta lëshojë shtëpinë e tij, për idetë dhe aktivitetet e paraqitura për krijimin e shtetit të Maqedonisë së pavarur, të bashkuar dhe demokratike.

Neni 1-v

Si person i përndjekur dhe i burgosur sipas këtij ligji konsiderohet edhe personi i privuar nga jeta ose liria pa vendim të plotfuqishëm gjyqësor."

Neni 2

Në nenin 4 pas paragrafit 1 shtohet paragrafi i ri 2 si vijon:

"Dokumentacionin e nevojshëm për përcaktimin e cilësisë së personit të përndjekur nga nenet 1-a dhe 1-b të këtij ligji, si dhe për realizimin e të drejtave të përcaktuara me këtë ligj me akt të veçantë i përcakton ministri i Financave, në pajtim me ministrin e Punës dhe Politikës Sociale dhe ministrin e Punëve të Brendshme."

Neni 3

Në nenin 5 paragrafi 1 pika 2) fshihet.

Pikat 3), 4) dhe 5) bëhen pika 2), 3) dhe 4).

Neni 4

Në nenin 10 pas fjalëve "përveç të drejtave për sigurim material" vihet presje, ndërsa fjalët "dhe kompensim i njëhershëm në para" fshihen.

Neni 5

Ministri i Financave në pajtim me ministrin e Punës dhe Politikës Sociale dhe ministrin e Punëve të Brendshme, aktin nga neni 2 i këtij ligji e miraton në afat prej 60 ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**854.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за Народниот правобранител ("Службен весник на Република Македонија" број 60/2003) и Одлуката за определување на бројот на замениците на Народниот правобранител ("Службен весник на Република Македонија" број 74/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 јули 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ЗАМЕНИЦИ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

1. За заменици на Народниот правобранител, се избрани:

- Лилјана Илиевска, дипломиран правник од Битола, која ќе раководи со канцеларијата во Битола, како подрачна организациона единица на Народниот правобранител,
- Даут Селими, дипломиран правник од Кичево, кој ќе раководи со канцеларијата во Кичево, како подрачна организациона единица на Народниот правобранител,
- Насер Весељи, дипломиран правник од Куманово, кој ќе раководи со канцеларијата во Куманово, како подрачна организациона единица на Народниот правобранител,
- Марина Обадиќ, дипломиран правник од Тетово, која ќе раководи со канцеларијата во Тетово, како подрачна организациона единица на Народниот правобранител,
- Славјанка Михаиловиќ, дипломиран правник од Струмица која ќе раководи со канцеларијата во Струмица, како подрачна организациона единица на Народниот правобранител и
- Рајна Пановска, дипломиран правник од Штип, која ќе раководи со канцеларијата во Штип, како подрачна организациона единица на Народниот правобранител.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2810/1
15 јули 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**855.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), а во врска со член 5 алинеја 4 од Законот за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 2/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 14.07.2005 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРОДАЖБА НА СТАНОВИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат становите за продажба на кои права, должности и одговорности во поглед на располагањето има Републиката , а се во владение на лица без правен основ.

Член 2

Станбениот простор што е предмет на продажба, големината на станбениот простор и почетната цена се утврдени со прегледот кој е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Становите определени за продажба со оваа одлука се продаваат во готово или на одложено плаќање со 50% учество од цената на станот, а остатокот од цената се исплатува до 180 месечни рати со годишна камата од 8,4%.

Почетната вредност на станот се определува според пазарната вредност на станот намалена за 10%.

Член 4

Продажбата на становите ја спроведуваат комисии на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, во зависност од местоположбата на станот.

Продажбата се врши по пат на оглас за прибирање понуди, објавен од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија со рок не помал од 15 дена.

Понудите се даваат во затворен плик.

Право на учество на огласот имаат домашни правни и физички лица.

Огласот за прибирање на понуди задолжително ги содржи следните елементи:

- адреса на станот, предмет на продажба,
- основни карактеристики на станот,
- назначување дека станот е во владение на лице, без правен основ,
- почетна цена на станот,
- износ на депозитот што треба да го положат понудувачите,
- рок на доставување на понудите,
- напомена дека станот се продава во состојба во која се наоѓа и дека продавачот не одговара за недостатоците на станот,
- напомена дека до склучувањето на договорот за продажба на станот, на купувачот му се пренесува и правото да бара предавање во владение на станот и надомест на штета настаната од користењето на станот, од лицето кое го владеело станот без правен основ,
- со податоците за лицето кое го владеело станот без правен основ располага Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

За најповолен се смета понудувачот кој дал највисока цена.

Во рок од 15 дена од завршувањето на изборот на најповолен понудувач, понудувачите се известуваат за извршениот избор, а на понудувачите кои не се избрани им се враќа уплатениот депозит.

Уплатениот износ на депозитот на најповолниот понудувач се засметува во постигнатата цена.

Доколку најповолниот понудувач во рок од 8 дена од известувањето дека е избран за најповолен понудувач не се јави заради склучување на договорот за продажба, станот ќе му се продаде на второрангираниот понудувач, доколку ја понудил најмалку почетната цена на станот.

Доколку како понудувач се јави едно лице, договорот за купопродажба на станот ќе се склучи со него, доколку ја понудил најмалку почетната цена на станот.

Член 5

За продажбата на станот се склучува Договор со избраниот понудувач.

Договорот за продажба на станот од ставот 1 на овој член ги содржи особено следните елементи:

- адреса на станот,
- станот кој е предмет на продажба,
- површина на станот,
- цена на станот,
- начинот на плаќање,
- рок на отплата и
- гаранции-хипотека и жиранти доколку станот се отплаќа на одложено плаќање.

Со склучување на Договорот за продажба на станот на купувачот му се пренесува правото да бара предавање на владение на станот и надомест на штетата настаната од користење на станот, од лицето кое го владеело станот без правен основ.

Договорот од став 1 на овој член го склучува овластено лице од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2223/2
14 јули 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

## ПЕ СКОПЈЕ

| Р. број | Адреса | Шифра | Површина | Година | Вид на објектот | Кат1 | Кат2 | Зона | Вкупно бодови | Год. на аморт. | Изброени / EUR | Изброени EUR/m2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Кроте Асанов бр.4,вл.01, ст.15 | 402-0016-019-19 | 37,71 | 1988 | Кол./Пр.+ 05 | III | Кат | 3 | 34642,00 | 38 | 15.894,94 | 421,46 |
| 2 | Кроте Асанов бр.4,вл.03 ст.23 | 402-0016-078-19 | 37,71 | 1966 | Кол./Пр.+ 05 | IV | Кат | 3 | 32619,00 | 38 | 15.010,06 | 398,07 |
| 3 | Кроте Асанов бр.12,вл.02 ст.008 | 402-0020-023-17 | 36,21 | 1969 | Кол./Пр.+ 04 | II | Кат | 3 | 33748,00 | 35 | 15.529,57 | 428,92 |
| 4 | Кроте Асанов бр.16,вл.01 ст.021 | 402-0022-021-19 | 38,57 | 1966 | Кол./Пр.+ 05 | V | Кат | 3 | 30547,00 | 38 | 14.056,59 | 364,44 |
| 5 | Кроте Асанов бр.18,вл.02 ст.009 | 402-0023-029-19 | 57,40 | 1966 | Кол./Пр.+ 05 | | Приз +кат | 3 | 45116,00 | 38 | 20.760,70 | 361,68 |
| 6 | Кроте Асанов бр.22,вл.03 ст.019 | 402-0026-069-12 | 39,08 | 1966 | Кол./Пр.+ 05 | II | Кат | 3 | 33765,00 | 38 | 15.537,39 | 397,56 |
| 7 | Кроте Асанов бр.7,вл.02 ст.009 | 402-0029-036-13 | 29,61 | 1966 | Кол./Пр.+ 05 | I | Кат | 3 | 25672,00 | 38 | 11.813,30 | 398,95 |
| 8 | Емин Дураку бр.9, вл.09, ст.019 | 402-0031-074-12 | 29,61 | 1966 | Кол./Пр.+ 05 | III | Кат | 3 | 25820,00 | 38 | 11.881,40 | 401,26 |
| 9 | Емин Дураку бр.9, вл.05, ст.019 | 402-0031-139-22 | 31,00 | 1966 | Кол./Пр.+ 05 | III | Кат | 3 | 27156,00 | 38 | 12.496,18 | 403,10 |
| 10 | Ресенска бр.14, вл.02, ст.007 | 403-0029-019-16 | 63,03 | 1969 | Кол./Пр.+ 03 | III | Кат | 3 | 57546,00 | 35 | 26.480,52 | 420,13 |
| 11 | Гоце Стојчевски бр.1, вл.01, ст.005 | 403-0040-009-16 | 40,12 | 1982 | Кол./Пр.+ 04 | II | Кат | 3 | 39318,00 | 22 | 17.087,53 | 425,91 |
| 12 | Гоце Стојчевски бр.1, вл.03, ст.004 | 403-0040-029-26 | 40,12 | 1982 | Кол./Пр.+ 04 | I | Кат | 3 | 39318,00 | 22 | 17.087,53 | 425,91 |
| 13 | Тале Христов бр.0001, вл.01, ст.081 | 403-0047-081-17 | 27,29 | 1983 | Кол./Пр.+ 12 | XII | Кат | 3 | 25380,00 | 21 | 11.030,10 | 404,14 |
| 14 | Џон Кенеди бр.15в, вл.01, ст. 001 | 404-0001-001-19 | 23,01 | 1962 | Кол./Пр.+ 02 | | Приз | 3 | 19213,00 | 42 | 9.332,28 | 405,57 |
| 15 | Горѓи Попхристов бр.19, вл.03, ст.014 | 406-0014-048-14 | 38,60 | 1966 | Кол./Пр.+ 05 | IV | Кат | 3 | 31063,00 | 38 | 15.088,15 | 425,05 |
| 16 | Благоја Паровиќ бр.11, вл.01, ст.011 | 406-0023-011-18 | 35,50 | 1966 | Кол./Пр.+ 05 | III | Кат | 3 | 32412,00 | 38 | 15.743,39 | 443,51 |
| 17 | Благоја Паровиќ бр.60, вл.03, ст.006 | 406-0026-033-34 | 34,78 | 1966 | Кол./Пр.+ 02 | I | Кат | 3 | 27024,00 | 38 | 13.126,29 | 377,36 |
| 18 | Методија Митевски бр.11, вл.08, цт.001 | 406-0011-112-19 | 40,09 | 1976 | Кол./Пр.+ 04 | | Приземје | 3 | 36763,00 | 28 | 17.856,79 | 445,42 |
| 19 | Методија Митевски бр.13, вл.07, цт.014 | 406-0013-113-14 | 44,76 | 1976 | Кол./Пр.+ 04 | III | Кат | 3 | 43954,00 | 28 | 21.349,86 | 476,98 |
| 20 | Методија Митевски бр.13, вл.07, цт.018 | 406-0013-117-28 | 44,76 | 1976 | Кол./Пр.+ 04 | IV | Кат | 3 | 43954,00 | 28 | 21.349,86 | 476,98 |
| 21 | Макед.-Косов.-Бригад. бр.303, вл.00, ст.015 | 406-1026-015-14 | 36,33 | 1956 | Кол. / Приз. | | Приземје | 3 | 24014,00 | 48 | 10.436,44 | 287,27 |
| 22 | Виетнамска бр.86, вл.0, ст.003 | 409-0018-003-18 | 30,40 | 1972 | Инд. / Приз. | | Приземје | 5 | 19152,00 | 32 | 6.893,75 | 226,77 |
| 23 | 1106 бр.12, вл.00, ст.002 | 409-0023-002-11 | 30,40 | 1973 | Инд. / Приз. | | Приземје | 5 | 19152,00 | 31 | 6.893,75 | 226,77 |
| 24 | Антонин Дворжак бр.126, вл.01, ст.001 | 409-0037-001-12 | 50,97 | 1968 | Инд. / Приз. | | Приземје | 5 | 31754,00 | 36 | 11.429,84 | 224,25 |
| 25 | АСНОМ бр.0026, вл.02, ст.013 | 714-0114-024-21 | 66,01 | 1989 | Кол./Пр.+ 04 | III | Кат | 3 | 70103,00 | 15 | 34.050,94 | 515,85 |
| 26 | Панче Неделковски бр.69,вл.01,ст.001 | 302-0015-001-12 | 25,97 | 1957 | Кол./Пр.+ 02 | | Приз | 2 | 21893,00 | 47 | 11.193,71 | 430,98 |
| 27 | Цветан Димов бр.81, вл.01, ст.022 | 304-0021-022-14 | 38,00 | 1960 | Кол./Пр.+ 04 | IV | Кат | 2 | 31464,00 | 44 | 16.087,29 | 423,35 |

| Р. број | Адреса | Шифра | Површина | Година | Вид на објектот | Кат1 | Кат2 | Зона | Вкупно бодови | Год. на амортиз. | Цена / ЕУР | Цена ЕУР/м2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | Цветан Димов бр.69, вл.02, ст.001 | 204-0022-024-20 | 37,60 | 1960 | Кол./Пр.+ 04 | | Приз. | 2 | 30193,00 | 44 | 15.437,44 | 410,57 |
| 29 | Вељко Влаховиќ бр.36, вл.01, ст.004 | 216-0020-004-11 | 71,79 | 1947 | Кол./Пр.+ 04 | I | Кат | 1 | 68097,00 | 57 | 41.756,39 | 581,69 |
| 30 | Ленинградска бр.69, вл.01, ст.001 | 219-0004-001-12 | 31,00 | 1970 | Кол./Пр.+ 01 | | Приз. | 1 | 25916,00 | 34 | 14.575,70 | 470,18 |
| 31 | Ленинградска бр.69, вл.02, ст.003 | 219-0004-002-12 | 61,90 | 1970 | Кол./Пр.+ 01 | I | Кат | 1 | 63172,00 | 34 | 29.905,05 | 483,12 |
| 32 | Џон Кенеди бр.11, вл.03, ст.013 | 220-0010-050-12 | 38,57 | 1967 | Кол./Пр.+ 04 | II | Кат | 2 | 36372,00 | 37 | 17.666,87 | 458,05 |
| 33 | Македонско-Косовска Бригада бр.0016, вл.01, ст.018 | 220-0016-010-16 | 108,13 | 2001 | Кол./Пр.+ 04 | III | Кат | 2 | 151490,00 | 3 | 73.582,83 | 680,52 |
| 34 | Перо Тошев бр.32, вл.02,ст.009 | 326-1002-004-11 | 46,90 | 1947 | Кол./Пр. | | Приз. | 2 | 33252,00 | 57 | 17.001,48 | 362,50 |
| 35 | Перо Тошев бр.32, вл.04,ст.002 | 326-1002-007-19 | 28,04 | 1947 | Кол./Пр. | | Приз. | 2 | 20329,00 | 57 | 10.394,05 | 370,69 |
| 36 | 11 Октомври бр.42, вл.01, ст. 035 | 334-0021-035-17 | 14,97 | 1960 | Кол./Пр.+ 10 | IX | Кат | 1 | 15704,00 | 44 | 8.832,26 | 590,00 |
| 37 | Карпошево Востание бр.1, вл.04, ст.002 | 602-0001-042-17 | 29,55 | 1966 | Кол./Пр.+ 03 | | Приз. | 2 | 28545,00 | 38 | 14.594,83 | 493,99 |
| 38 | Трифун Пановски бр.9, вл.02, ст.002 | 602-0020-010-17 | 29,55 | 1966 | Кол./Пр.+ 03 | | Приз. | 2 | 28545,00 | 38 | 14.594,83 | 493,99 |
| 39 | Атинска бр.0001, вл.01, ст.003, | 605-0015-002-11 | 56,97 | 1997 | Кол./Пр.+ 06 | | Приз. | 2 | 66223,00 | 7 | 33.859,28 | 574,15 |
| 40 | Бриселска бр.8, вл.03,ст.011 | 607-0014-020-16 | 29,70 | 1966 | Кол./Пр.+ 03 | III | Кат | 2 | 29314,00 | 38 | 14.988,01 | 504,65 |
| 41 | Ѓорче Петров бр.60, вл.02, ст.009 | 613-0073-021-20 | 56,60 | 1987 | Кол./Пр.+ 04 | III | Кат | 3 | 57742,00 | 17 | 28.046,87 | 421,14 |
| 42 | Ѓорче Петров бр.1576, вл.00, ст.024 | 615-1002-024-10 | 34,03 | 1948 | Инд./Пр. | | Приз. | 5 | 16028,00 | 56 | 7.375,49 | 216,73 |
| 43 | Александар Урдаревскибр.66, вл.01, ст.002 | 622-1009-002-15 | 27,84 | 1949 | Инд./Пр. | | Приз. | 5 | 6066,00 | 55 | 2.492,42 | 100,31 |
| 44 | Фредерик Шопен бр.1, вл.01, ст.002 | 702-0001-002-21 | 33,21 | 1961 | Кол./Пр.+ 02 | | Приз. | 2 | 29059,00 | 43 | 16.343,39 | 402,65 |
| 45 | Томе Арсовски бр. 22, вл.01, ст.007 | 702-0005-007-27 | 22,69 | 1968 | К/Пр+01+Пк | I | Кат | 2 | 19946,00 | 46 | 11.217,49 | 404,49 |
| 46 | Огњан Прица бр.22, вл.02, ст.004 | 702-0019-020-12 | 20,37 | 1969 | К/Пр+04+Пк | I | Кат | 2 | 17579,00 | 45 | 9.888,80 | 485,36 |
| 47 | Пушкинова бр.4, вл.03, ст.011 | 706-0027-077-29 | 55,29 | 1972 | К/Пр+07+Пк | II | Кат | 1 | 58552,00 | 32 | 26.943,45 | 487,36 |
| 48 | Владимир Комаров бр.6, вл.01, ст.021 | 708-0003-021-15 | 37,46 | 1964 | К/Пр+04+Пк | | ПК | 1 | 31383,00 | 40 | 17.650,46 | 471,31 |
| 49 | 0710 бр.1, вл.00, ст.001 | 709-1010-001-12 | 30,00 | 1948 | Инд./Пр. | | Приз. | 1 | 18090,00 | 56 | 10.174,20 | 339,14 |
| 50 | Скендер Бег Кастриоти бр.20а,вл.01,ст.001 | 712-0540-001-12 | 46,53 | 1964 | Инд./Пр. | | Приз. | 5 | 13912,00 | 40 | 5.007,62 | 107,62 |
| 51 | Жарко Зрењанин бр.139, вл.01, ст.001 | 712-0722-001-12 | 44,80 | 1964 | Инд./Пр. | | Приз. | 5 | 13709,00 | 40 | 4.934,55 | 110,15 |
| 52 | Студеничанска бр.0013, вл.01, ст.010 | 712-1002-010-17 | 27,94 | 1946 | Кол./Пр.+01 | | Сутер. | 5 | 11511,00 | 58 | 4.143,38 | 148,30 |
| 53 | АСНОМ бр.0060, вл.02, ст.006 | 714-0130-021-12 | 66,10 | 1990 | К/Пр+07+Пк | I | Кат | 3 | 70595,00 | 14 | 34.289,92 | 518,75 |
| 54 | АСНОМ бр.074, вл.01, ст.009 | 714-0137-000-16 | 30,36 | 1986 | Кол./Пр.+07 | | Приз. | 3 | 30471,00 | 18 | 14.800,60 | 487,62 |
| 55 | Фрањо Клуз бр.0011, вл.01, ст.004 | 777-0016-004-12 | 31,00 | 1964 | Кол./Пр.+01 | | Приз. | 1 | 28427,00 | 40 | 15.987,94 | 445,41 |
| 56 | Руди Чајавец бр.0025, вл.01, ст.006 | 777-0054-006-12 | 39,10 | 1964 | Инд./Пр. | | Приз. | 1 | 36268,00 | 40 | 19.836,47 | 438,12 |
| 57 | 4 Јули бр.1, вл.01, ст.017 | 612-0065-017-20 | 66,10 | 1964 | К/Пр+04+Пк | | ПК | 3 | 51472,00 | 20 | 23.685,49 | 377,89 |

| Р. број | Адреса | Шифра | Површина | Година | Вид на објектот | Кат1 | Кат2 | Зона | Вкупно бодови | Год. на аморт. | Вредност / ЕУР | Вредност ЕУР/м2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 58 | Јани Лукровски бр.9, вл.02, ст.009 | 501-0071-010-16 | 38,00 | 1962 | Кол./Пр +04 | | Приз | 2 | 33402,00 | 42 | 15.370,36 | 404,48 |
| 59 | Вамбел бр.2, вл.03, ст.005 | 501-0080-040-12 | 34,06 | 1977 | Кол./Пр +05 | I | Кат | 2 | 35899,00 | 27 | 16.519,38 | 485,01 |
| 60 | Вамбел бр.2, вл.06, ст.017 | 501-0080-117-104 | 34,06 | 1977 | Кол./Пр +05 | IV | Кат | 2 | 32459,00 | 27 | 14.936,42 | 438,53 |
| 61 | Беровска бр.2, вл.04, ст.019 | 510-0011-082-14 | 56,36 | 1979 | К/Пр+04+Пк | IV | Кат | 5 | 44289,00 | 25 | 16.987,29 | 301,41 |
| 62 | Пехчевска бр.05, вл.01, ст.095 | 510-0025-025-12 | 29,96 | 1982 | К/Пр +08 | VIII | Кат | 5 | 22110,00 | 22 | 8.478,50 | 282,99 |
| 63 | Модест Мусоргскибр.1, вл.02, ст.006 | 511-0016-011-17 | 69,52 | 1971 | К/Пр +12 | II | Кат | 4 | 59301,00 | 33 | 24.256,10 | 348,91 |
| 64 | Анри Барбис бр.72, вл.01, ст.001 | 511-0527-001-14 | 34,05 | 1964 | Инд. / Пр. | | Приз | 4 | 17170,00 | 40 | 7.023,11 | 206,56 |
| 65 | Мирка Мирчева бр.64а, вл.0, ст.001 | 409-0050-001-15 | 42,94 | 1968 | Инд./кат ПР | | Приз +кат | 5 | 27653,00 | 36 | 9.953,68 | 231,80 |
| 66 | Џон Кенеди бр.27, вл.01, ст.019 | 320-0014-019-10 | 59,77 | 1987 | К./Пр+08+Пк | IV | Кат | 2 | 64510,00 | 17 | 31.528,56 | 527,48 |
| 67 | Џон Кенеди бр.27, вл.09, ст.016 | 320-0014-077-19 | 44,03 | 1987 | К./Пр+08+Пк | IV | Кат | 2 | 47817,00 | 17 | 23.226,02 | 527,56 |
| 68 | Партизански одреди бр.0155, вл. 01, ст. 046 | 612-0005-040-12 | 29,38 | 1993 | Кол./ Пр +15 | VI | Кат | 3 | 31730,00 | 11 | 15.412,13 | 524,67 |
| 69 | Франклин Рузвелт бр.36, вл.01, ст.019 | 302-0017-012-25 | 45,13 | 1961 | Кол./Пр +04 | III | Кат | 1 | 36111,00 | 45 | 19.747,17 | 437,56 |
| 70 | Тамко Попов бр.009, вл.01, ст.002 | 511-0054-001-10 | 75,43 | 1975 | Инд./ ПР +1 | | Приз +кат | 4 | 61098,00 | 29 | 24.991,13 | 331,32 |
| 71 | Анастас Митрев бр6, вл.01, ст.002 | 708-0026-002-12 | 17,43 | 1947 | Кол./Пр +01 | | Приз +кат | 1 | 14223,00 | 57 | 7.999,31 | 458,94 |
| 72 | Крсте Асенов 22/9-9 | 402-0025-064-16 | 31,00 | 1939 | Кол/Пр +03 | | | | | | 12.396,32 | 399,88 |
| 73 | Горѓи Поп Христов 9/9-17 | 405-0012-051-10 | 26,23 | 1966 | Кол/Пр +05 | | | | | | 11.121,21 | 414,82 |
| 74 | Мирка Мирчева бр.64б/2 | 409-0050-002-14 | 46,09 | 1937 | Инд./кат ПР | | | | | | 10.484,97 | 227,49 |
| 75 | Горѓи Сугаре 4/1-16 | 706-0010-016-14 | 25,41 | 1964 | Кол/Пр +04+пк | | | | | | 10.022,01 | 394,41 |
| | | | 3.046,87 | | | | | | | | 1.255.945,96 | |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА БИТОЛА**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | с.Кременица | 1/3 | | | еднособен | 43,67 | 6.024,00 | |
| 2 | с.Кременица | 1/4 | | | еднособен | 43,67 | 6.024,00 | |
| 3 | с.Кременица | 2/2 | | | двособен | 62,49 | 7.167,50 | |
| 4 | с.Кукуречани згр.1 | 1 | | | еднособен | 43,67 | 5.469,00 | |
| 5 | с.Новаци згр.1 | 1 | | | двособен | 42,49 | 5.150,00 | |
| 6 | с.Новаци згр.1 | 2 | | | двособен | 42,49 | 5.150,00 | |
| 7 | с.Новаци згр.1 | 3 | | | двособен | 42,49 | 5.677,00 | |
| 8 | „Борис Кидриќ„Ресен | 205/21 | | | двособен | 66,87 | 19.379,00 | |
| 9 | 29-ти Ноември Демир Хисар | 10/7 | | | гарсоњера | 16,00 | 2.162,50 | |
| 10 | 29-ти Ноември Демир Хисар | 13/4 | | | двособен | 57,35 | 7.412,00 | |
| 11 | с.Љубојно А-12 | 5 | | први | гарсоњера | 31,88 | 3.241,00 | |
| | ВКУПНО | | | | | 492,87 | 72.856,00 | 0,00 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ОХРИД**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | ул.,,Туристичка,, бр.54 | 13 | 4 | 4 | двособен | 53,15 | | 671.205,00 |
| | ВКУПНО | | | | | 53,15 | 0,00 | 671.205,00 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ОХРИД - Субстандардни**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | с.Белчишта | 1 | 1 | 1 | двособен | 54,18 | | 218.543,00 |
| | ВКУПНО | | | | | 54,18 | 0,00 | 218.543,00 |
| | СЕ ВКУПНО | | | | | 107,33 | 0,00 | 889.748,00 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ГЕВГЕЛИЈА**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | ,,Првомајска,, Валандово | 4 | 1 | 1 | двособен | 62,00 | 17.050,00 | |
| 2 | Саво Михајлов Л-5 Гевгелија | 18 | 1 | 4 | двособен | 65,30 | 19.590,00 | |
| | ВКУПНО | | | | | 127,30 | 36.640,00 | 0,00 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ПРИЛЕП**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | згр.Институт | 6 | | 2 | еднособен | 36,00 | 4.968,00 | 304.290,00 |
| 2 | ул.,,Моша Пијаде,, 285а | 7 | | 2 | еднособен | 35,00 | 7.525,00 | 460.906,25 |
| 3 | ул.,,5-та Прилепска,, згр.1 | 3 | | приз. | еднособен | 33,00 | 7.095,00 | 434.568,75 |
| 4 | ул.,,Вељко Влаховиќ,,1 | 1 | | приз. | еднособен | 30,11 | 7.979,15 | 488.722,94 |
| 5 | ул.,,Вељко Влаховиќ,,2 | 5 | | приз. | еднособен | 30,11 | 7.979,15 | 488.722,94 |
| 6 | ул.,,Вељко Влаховиќ,,2 | 28 | | 4 | еднособен | 30,11 | 7.979,15 | 488.722,94 |
| 7 | нас.,,Точила 1,, згр. А-3 | 18 | | 2 | еднособен | 44,57 | 13.682,99 | 838.083,14 |
| 8 | нас.,,Точила 1,, згр. Д-1 | 23 | 2 | подк. | еднособен | 42,41 | 11.917,21 | 729.929,11 |
| 9 | нас.,,Точила 1,, згр. Е-1 | 21 | 3 | подк. | еднособен | 44,56 | 12.521,36 | 766.933,30 |
| 10 | нас.,,Точила 1,, згр. К-1-А | 34 | | подк. | еднособен | 34,69 | 10.649,83 | 652.302,09 |
| 11 | нас.,,Точила 1,, згр.К-2-В | 22 | | подк. | еднособен | 44,30 | 13.157,10 | 805.872,38 |
| 12 | нас.,,Точила 1,, згр.К-3-А | 17 | 1 | 4 | двособен | 64,74 | 20.846,28 | 1.276.834,65 |
| 13 | нас.,,Точила 1,, згр.К-3-А | 21 | 1 | подк. | еднособен | 44,30 | 13.600,10 | 833.006,13 |
| 14 | нас.,,Точила 1,, згр.К-3-А | 22 | 1 | подк. | еднособен | 44,30 | 13.600,10 | 833.006,13 |
| 15 | нас.,,Точила 1,, згр.К-3-А | 23 | 1 | подк. | еднособен | 44,30 | 13.600,10 | 833.006,13 |
| 16 | нас.,,Точила 1 ,, згр.К-3-А | 24 | 1 | подк. | еднособен | 44,30 | 13.600,10 | 833.006,13 |
| 17 | нас.,,Точила 1,, згр.К-3-Б | 23 | 1 | подк. | еднособен | 44,30 | 13.157,10 | 805.872,38 |
| 18 | нас.,,Точила 1,, згр. К-4-Б | 16 | 1 | 3 | двособен | 56,97 | 18.344,34 | 1.123.590,83 |
| 19 | нас.,,Точила 1,, згр. К-4-Б | 17 | 1 | 4 | двособен | 56,97 | 18.344,34 | 1.123.590,83 |
| 20 | нас.,,Точила 1,, згр. К-4-Б | 21 | 1 | подк. | еднособен | 34,75 | 10.668,25 | 653.430,31 |
| 21 | нас.,,Точила 1,, згр. К-4-В | 21 | 1 | подк. | еднособен | 34,75 | 10.668,25 | 653.430,31 |
| 22 | нас.,,Точила 1,, згр. К-4-В | 22 | 1 | подк. | еднособен | 34,75 | 10.668,25 | 653.430,31 |
| 23 | нас.,,Точила 1,, згр. К-4-В | 23 | 1 | подк. | еднособен | 34,75 | 10.668,25 | 653.430,31 |
| 24 | нас.,,Точила 1,, згр. К-4-В | 24 | 1 | подк. | еднособен | 34,75 | 10.668,25 | 653.430,31 |
| 25 | нас.,,Точила 1,, згр. К-4-В | 25 | 1 | подк. | еднособен | 38,7 | 11.880,90 | 727.705,13 |
| 26 | нас.,,Точила 1,, згр. К-4-В | 26 | 1 | подк. | еднособен | 38,7 | 11.880,90 | 727.705,13 |
| 27 | ул.,,Нико Доага,,-Крушево | | | | еднособен | 41,34 | 10.748,40 | 658.339,50 |
| | ВКУПНО | | | | | 1.097,53 | 318.397,85 | 19.501.868,36 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ПРИЛЕП-**
**Субстандардни**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | с.Тополчани згр.1 | 1 | 1 | | двособен | 53,00 | 7.049,00 | 431.751,25 |
| 2 | с.Тополчани згр.1 | 2 | 1 | | двособен | 59,00 | 7.847,00 | 480.628,75 |
| 3 | с.Тополчани згр.1 | 4 | 1 | | двособен | 59,00 | 7.847,00 | 480.628,75 |
| 4 | с.Тополчани згр.1 | 3 | 2 | | еднособен | 43,00 | 5.719,00 | 350.288,75 |
| 5 | с.Тополчани згр.1 | 4 | 2 | | еднособен | 40,00 | 5.320,00 | 325.850,00 |
| 6 | с.Тополчани згр.1 | 5 | 2 | | еднособен | 37,00 | 4.921,00 | 301.411,25 |
| 7 | с.Тополчани згр.1 | 6 | 2 | | еднособен | 43,00 | 5.719,00 | 350.288,75 |
| 8 | с.Тополчани згр.2 | 2 | 2 | | еднособен | 39,50 | 5.253,50 | 321.776,88 |
| 9 | с.Дебреште згр.1 | 1 | | | еднособен | 44,80 | 5.734,40 | 351.232,00 |
| 10 | с.Дебреште згр.1 | 2 | | | еднособен | 44,80 | 5.734,40 | 351.232,00 |
| 11 | с.Дебреште згр.1 | 3 | | | еднособен | 40,60 | 5.196,80 | 318.304,00 |
| 12 | с.Дебреште згр.1 | 4 | | | еднособен | 40,60 | 5.196,80 | 318.304,00 |
| 13 | с. Долнени бр.88 | 1 | | | двособен | 60,70 | 6.191,40 | 379.223,25 |
| 14 | с. Долнени бр.88 | 2 | | | двособен | 60,70 | 6.191,40 | 379.223,25 |
| 15 | с.Бучин | | | | гарсонера | 25,00 | 2.550,00 | 156.187,50 |
| 16 | с.Бучин | | | | гарсонера | 25,00 | 2.550,00 | 156.187,50 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **715,70** | **89.020,70** | **5.452.517,88** |
| | **СЕ ВКУПНО** | | | | | **1.813,23** | **407.418,55** | **24.954.386,24** |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА КИЧЕВО**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **0,00** | **0,00** | **0,00** |

**Напомена:**Подрачна Единица Кичево нема во евиденција диво вселени станови во државна сопственост како целосни единици кои можат да бидат предмет на продажба.

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА КОЧАНИ**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | Калиманова Глава Кочани | 1/10 | 2 | 4 | 2+По | 62,00 | 21,700,00 | |
| 2 | 9-ти Мај Кочани | 8-1/4 | 1 | 2 | 1+По | 44,46 | 7.921,00 | |
| 3 | Партизанска Берово | 2/1 | 2 | приземје | 2+По | 66,50 | 21.945,00 | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **172,96** | **51.566,00** | **0,00** |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА КУМАНОВО**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | Моша Пијаде 18 Куманово | | | | гарсоњера | 17,44 | | |
| | ВКУПНО | | | | | 17,44 | 0,00 | 0,00 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА КУМАНОВО-субстандардни**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | с.Клечовце Куманово | | | | еднособен | 29,20 | 2.485,00 | |
| 2 | с.Клечовце Куманово | | | | еднособен | 29,20 | 2.485,00 | |
| 3 | с.Нагоричане Куманово | | | | еднособен | 40,50 | 3.335,00 | |
| 4 | с.Нагоричане Куманово | | | | еднособен | 40,50 | 3.335,00 | |
| 5 | с.Нагоричане Куманово | | | | еднособен | 40,50 | 3.335,00 | |
| 6 | с.Нагоричане Куманово | | | | еднособен | 40,50 | 3.335,00 | |
| 7 | с.Жидилово К.Паланка 1/2 | | | приземје | | 60,31 | | |
| | ВКУПНО | | | | | 280,71 | 18.310,00 | 0,00 |
| | СЕ ВКУПНО | | | | | 298,15 | 18.310,00 | |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ШТИП**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | „Енгелсова„ 2 | 3 | 1 | 1 | двособен | 57,15 | 14.395,00 | 882.423,00 |
| | ВКУПНО | | | | | 57,15 | 14.395,00 | 882.423,00 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА КАВАДАРЦИ**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | Моша Пијаде Кавадарци | 1 | 1 | приз. | еднособен | 44,17 | 9.015,60 | 552.691,70 |
| 2 | Маршал Тито бр.127 Негот. | 1 | 3 | приз. | еднособен | 43,72 | 9.547,40 | 585.162,00 |
| | ВКУПНО | | | | | 87,89 | 18.563,00 | 1.137.853,70 |

**П. ЕДИНИЦА КАВАДАРЦИ-Субстандардни**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина во м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | с.Црвени Брегови вкупно 13 стана | | | приз. | двособен | 582,46 | 40.626,49 | 2.490.010,42 |
| 2 | с. Дуброво вкупно 6 стана | | | приз. | двособен | 292,90 | 21.519,36 | 1.318.928,70 |
| | ВКУПНО | | | | | 855,36 | 62.145,85 | 3.808.939,12 |
| | СЕ ВКУПНО | | | | | 943,25 | 80.708,85 | 4.946.792,82 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА СТРУМИЦА**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | ,,Солунска ,, 1 | 6 | | 2 | едносoбен | 44,69 | 12.760,00 | |
| 2 | с.Муртино 2 | 2 | | п | едносoбен | 33,93 | 4.200,00 | |
| 3 | ул.,,Ильо Шопов,, 15 | 17 | | 4 | едносoбен | 55,20 | 13.206,00 | |
| 4 | ул.,,Р.Курчиев,, 4 | 17 | | 4 | двособен | 66,89 | 16.675,50 | |
| 5 | ул.,,Р.Курчиев,, 6 | 8 | | 1 | двособен | 66,89 | 16.675,50 | |
| 6 | ул.,,Р.Курчиев,, 6 | 12 | | 2 | двособен | 66,89 | 16.675,50 | |
| 7 | ул.,,22-ри Октомври,, 3 | 18 | | 3 | едносoбен | 24,33 | 3.805,00 | |
| | ВКУПНО | | | | | 358,82 | 83.997,50 | 0,00 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ТЕТОВО**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | ,,180,, бр.15 | 11 | 1 | 2 | двособен | 69,65 | 26.685,00 | 1.637.296,00 |
| 3 | ,Илинденска 218 | 27 | 1 | 7 | трособен | 86,20 | 26.208,00 | 1.608.036,00 |
| | ВКУПНО | | | | | 155,85 | 52.893,00 | 3.245.332,00 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ВЕЛЕС**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | Бл.2 нас.Тунел | 12 | 2 | 2 | | 38,70 | | 526.276,00 |
| 2 | Бл.Ѓорев 104 Б | 54 | 1 | 8 | | 74,12 | | 1.049.422,00 |
| 3 | К.Мисирков 22 | 5 | 2 | 1 | | 35,00 | | 472.436,00 |
| 4 | с.Богомила | / | 1 | 1 | | 62,00 | | 591.475,00 |
| 5 | н.Тунел 2 | 6 | А1 | приземје | | 59,43 | | 814.335,00 |
| 6 | Б.Ѓорев К-3 Бисер | 10 | 1 | 1 | | 30,06 | | 495.601,00 |
| 7 | Б.Ѓорев К-3 Бисер | 31 | 1 | 5 | | 30,06 | | 484.750,00 |
| 8 | Б.Ѓорев К-3 Бисер | 1 | 1 | приземје | | 17,29 | | 259.776,00 |
| | ВКУПНО | | | | | 346,66 | 0,00 | 4.694.071,00 |

**Забелешка:** Станот под реден бр.3 доделен е на лицето Кузмановска Драгица.Се води судски спор за негово испразнување.
Станот под реден број 4 е наменет за потребите на МВР

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ВЕЛЕС-Субстандардни**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | нас.Порцеланова | / | / | приземје | | 33,10 | | 241.309,00 |
| 2 | нас.Порцеланова | / | / | приземје | | 33,10 | | 241.309,00 |
| 3 | М.Тито 33 Н.Градско | / | / | 1 | | 37,98 | | 320.305,00 |
| 4 | М.Тито 33 Н.Градско | / | / | 1 | | 50,59 | | 416.213,00 |
| | ВКУПНО | | | | | 154,77 | 0,00 | 1.219.136,00 |
| | СЕ ВКУПНО | | | | | 501,43 | 0,00 | 5.913.207,00 |

**ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА СТРУГА**

| Реден број | Адреса на станот | Број на стан | Влез | Кат | Собност | Површина по м/2 | Вкупна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ЕУР | ДЕН |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | Вељко Влаховиќ Кула 8/6 Дебар | | | | еднособен | 43,16 | | 632.488,00 |
| 2 | ,,204 Венец-2 Кула 14/17, Дебар | | | | гарсоњера | 24,64 | | 348.331,00 |
| 3 | ,,204 Венец-2 Кула 16/13, Дебар | | | | двособен | 52,45 | | 815.150,00 |
| | ВКУПНО | | | | | 120,25 | 0,00 | 1.795.969,00 |

**856.**

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА

Член 1

Владата на Република Македонија дава согласност за склучување на договор, меѓу Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, за давање на трајно користење на материјално-техничките средства и опрема.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2599/1
14 јули 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**857.**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД НЕДВИЖЕН ИМОТ

Член 1

Во Одлуката за пренесување на право на користење на дел од недвижен имот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/03) во насловот и во членот 1, зборовите: „дел од" се бришат.

Член 2

Во членот 1 зборовите: „управна зграда со простории од бр. 9 до бр. 20, со вкупна површина од 162,89 $м^2$" се заменуваат со зборовите: „управна зграда со простории од бр. 1 до бр. 20, со вкупна површина од 228,14 $м^2$".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2600/1
14 јули 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**858.**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.07.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за одбрана му престанува првото на користење на недвижните ствари – објекти и земјишта и тоа:

1. Објект – Касарна „Даме Груев" – Крива Паланка, лоциран на КП бр. 3967, во вкупна површина од 1.845 $м^2$ и земјиште во вкупна површина од 24.527 $м^2$, евидентирани во Имотен лист бр. 1576 за КО Крива Паланка.

2. Објект и земјиште на Касарна „Разловечко востание" – Делчево, лоцирани на КП бр. 6598 за КО Делчево во вкупна површина од 3375 $м^2$.

3. Објект – Караула „Луке", лоцирана на КП бр. 1011/2, 1016, 1017 и 1018 за КО „Луке" во вкупна површина од 521 $м^2$ и земјиште во вкупна површина од 5.140 $м^2$.

4. Објект – Караула „Пелинце", лоцирана на КП бр. 40/1 за КО „Пелинце" во вкупна површина од 645 $м^2$.

5. Објект и земјиште на Караула „Звегор", лоцирани на КП бр. 146 за КО „Звегор", во вкупна површина од 5517 $м^2$.

6. Објект и земјиште на Караула „Клепало", лоцирано на КП бр. 74/23 за КО Берово, во вкупна површина од 1560 $м^2$ и

7. Објект – Центар за обука на воншколска младина „Васил Гелевски" лоциран на КП бр. 2682, 2683, 2684 и 2685 за КО Челопек, во вкупна површина од 1.202,53 $м^2$ и тоа:

- објект бр. 2, со површина 58,64 $м^2$,
- објект бр. 3, со површина 74,52 $м^2$,
- објект бр. 4, со површина 285,07 $м^2$,
- објект бр. 5, со површина 274,20 $м^2$,
- објект бр. 6, со површина 250,77 $м^2$,
- објект бр. 7, со површина 12,60 $м^2$,
- објект бр. 8, со површина 246,73 $м^2$,

Недвижните ствари од став 1 на овој член се даваат на користење на Министерството за внатрешни работи.

Член 2

Предавањето и приемот на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука со целокупната инфраструктура и проектната и техничката документација, ќе се изврши помеѓу Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2601/1
14 јули 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**859.**

Врз основа на член 6 ставови 2 и 7, член 15 став 4 и член 17 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2005) министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник поблиску се регулира начинот на поднесување на барање за преземање на дејствија и документите кои се поднесуваат со него, формата и содржината на барањето за преземање на дејствија, бара-

њето на посебни податоци од страна на царинскиот орган, наплатата на надоместок за обработка на барањето за преземање на дејствија, сметањето на роковите за водење на постапка и поднесувањето на гаранција.

Член 2

Носителот на правото, или друго домашно и странско, правно и физичко лице кое има право да користи некое од правата од интелектуална сопственост согласно член 3 точка 3) потточка 2 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост (во понатамошниот текст "Законот") може да биде застапувано од физичко или правно лице. Поимот правно лице кое може да застапува вклучува и здруженија чија единствена и главна цел е колективно остварување на авторски или сродни права; форми на здруженија и комори кои имаат поднесено пријава за заштита на географски назив, односно пријава за признавање на правото на користење на заштитен географски назив со заштитена ознака на потекло на производот или заштитена географска ознака.

## II. БАРАЊЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА И ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ПОДНЕСУВААТ СО НЕГО

Член 3

(1) Кога барањето за преземање на дејствија согласно член 6 став (1) од Законот го поднесува самиот носител на правото, како доказ дека барателот е носител на правото се смета:

а) доказ за регистрацијата кај надлежен орган или доказ дека барањето е поднесено, за право од индустриска сопственост кое е регистрирано или за кое е поднесено барање. Како доказ може да се смета и извод за регистрацијата од базата на податоци на домашен или странски надлежен орган. За заштитени ознаки на потекло на производот и заштитени географски ознаки, дополнително треба да се даде и доказ дека носителот на правото е производител или група производители, како и доказ дека ознаката на потекло на производот или географската ознака е регистрирана, а се применува соодветно и за вина и алкохолни пијалоци;

б) доказ за авторство или за статусот на барателот како првобитен носител, за авторско право и сродно право кое не е регистрирано или за кое не е поднесено барање.

(2) Кога барањето за превземање на дејствија го поднесува друго домашно и странско, правно и физичко лице кое има право да користи некое од правата од интелектуална сопственост, покрај доказот согласно став (1) од овој член, барањето треба да го содржи и документот со кој лицето стекнува право на користење на предметното право.

(3) Кога барањето за превземање на дејствија го поднесува застапник на носителот на правото или друго домашно и странско, правно и физичко лице кое има право да користи некое од правата од интелектуална сопственост, покрај доказот согласно став (1) на овој член, барањето треба да го содржи и документот со кој му се одобрува да застапува. Застапникот поднесува и изјава согласно член 7 од Законот, потпишана од лицата од ставовите (1) или (2) од овој член или од самиот застапник.

Член 4

(1) Образецот на барањето за превземање на дејствија е даден во Прилог 1 на овој Правилник.

(2) Образецот од став (1) на овој член ги содржи: денот на прием на барањето за преземање на дејствија, името и адресата на надлежниот орган кај кој е поднесено барањето, податоците за барателот, статусот на барателот, видот на право на кое се однесува барањето, име и адреса на лицата за контакт, суштинските технички податоци за оригиналната стока, специфични информации за видот или шемата на измамата, изјава за приложени документи како доказ дека барателот е носител на правото и приложена изјава за преземање одговорност, други корисни информации кои ги поседува носителот на правото.

(3) Образецот на кој се поднесува изјава за превземање одговорност согласно член 7 од Законот е даден во Прилог 2 на овој Правилник.

(4) Образецот од став (1) и став (3) од овој член се пополнува електронски, механички или читливо рачно. Рачно пополнетите обрасци се пополнуваат со мастило со печатни букви. Обрасците не треба да содржат бришани, допишувани и прешкртани зборови или други измени. Кога образецот се пополнува електронски тој треба да биде достапен за барателот во дигитална форма на еден или повеќе јавни интернет страници до кои има директен пристап со компјутер, кои понатаму се отпечатуваат. Документи и фотографии, кои се приложени кон барањето за преземање на дејствија согласно рубриките 8, 9, 10 и 11 од Образецот од став (1) на овој член се сметаат за составен дел на истото.

(5) Образецот од став (1) на овој член се изготвува во два примерока:

а) примерок за царинскиот орган, означен со "1" и

б) примерок за носителот на правото, означен со "2".

(6) Барањата за превземање на дејствија, правилно пополнети и потпишани, кон кои се приложени документите и фотографиите наведени во рубриките 8, 9 и 10 од Образецот од став (1) на овој член се доставуваат до Централната управа на Царинската управа која по прифаќањето на барањето го задржува и го чува најмалку уште една година по истекот на неговата важност.

Член 5

Централната управа на Царинската Управа согласно член 6 став (5) од Законот може да побара информации за местото на изработка или производство, дистрибутивната мрежа или имињата на носителите на лиценците и други информации, со цел да се олесни техничката анализа на предметните производи.

## III. НАДОМЕСТОК ЗА ОБРАБОТКА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА

Член 6

Царинскиот орган за обработката на барањето за преземање на дејствија наплатува надоместок во износ од 5.000 денари, односно надоместок од 2.000 денари за обработка на барањата за продолжување на рокот на барањето за превземање на дејствија.

## IV. РОКОВИ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА

Член 7

Доколку барање за преземање на дејствија е поднесено согласно член 5 од Законот пред истекот на рокот од три работни дена и тоа е прифатено од страна на Централната управа на Царинската управа, роковите од членовите 11 и 13 од Законот се сметаат од денот на приемот на барањето. Доколку царинскиот орган го информира декларантот или лицето кое ја поседува стоката дека има причини за сомневање дека стоката повредува право од интелектуална сопственост и дека согласно член 5 од Законот, таа е задржана или нејзиното пуштање е одложено, рокот од три работни дена се смета од моментот на известување на носителот на правото.

Член 8

Во случај на лесно расиплива стока, постапката на одложување на пуштањето или на задржувањето на стоката се започнува прво за производи за кои веќе е поднесено барање за превземање на дејствија.

Член 9

Кога се применува член 11 став (4) од Законот носителот на правото треба да го извести царинскиот орган дека е започната постапка за утврдување дали е повредено право од интелектуална сопственост, согласно член 14 од Законот. При недостиг на време да се започне постапка пред истекот на пропишаниот рок од 10 дена, може да се смета дека ваквиот случај преставува околност за продолжување на рокот за уште 10 работни дена во смисла на член 13 став (1) од Законот, освен во случај на лесно расиплива стока.

## V. ГАРАНЦИЈА

Член 10

При одредување на видот, постапката и начинот на поднесување на гаранцијата од член 15 од Законот, како и нејзината наплата и враќање, царинскиот орган постапува согласно царинските прописи кои се однесуваат на гаранцијата за покривање на царинскиот долг.

## VI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-19949/4
12 јули 2005 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

ПРИЛОГ БР.1

**БАРАЊЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА**

**1. Ден на прием на барањето за преземање на дејствија од страна на Централната управа на Царинската управа**

ден/месец/година ☐/☐/☐

**3.Податоци за барателот**

(т.е. носителот на правото согласно член 3 точка 3 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост)

**Назив / Име:** ______

**Функција:** ______

**Адреса:** ______

**Место:** ______

**Поштенски фах:** ______

**Земја:** ______

**Даночен бр./ Матичен бр.:** ______

**Тел.:** ______

**Мобилен телефонски бр.:** ______

**Факс:** ______

**е-пошта (адреса):** ______

**Интернет адреса:** ______

ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

**БАРАЊЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА ОД СТРАНА НА ЦАРИНСКИТЕ ОРГАНИ**

согласно со член 6 став 1 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост

**2. Име и адреса на надлежниот орган кај кој е поднесено барањето**

**ЦЕНТРАЛНА УПРАВА НА ЦАРИНСКА УПРАВА**

**ул. Лазар Личеноски бр.13**

**СКОПЈЕ**

**4. Статус на барателот** (согласно член 3 точка (3) од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост) [1]

☐ Носител на право (*) ☐ Застапник на носителот на правото(*)

☐ Овластен корисник на правото (*) ☐ Застапник на овластениот корисник(*)

**5. Видот на право на кое се однесува барањето** [1]

☐ Трговска марка ☐ Право на дизајн

☐ Авторско право или сродно право ☐ Патент

☐ Дополнителен сертификат за заштита ☐ Заштитена ознака на потекло

☐ Заштитена географска ознака

☐ Географски ознаки на алкохолни пијалоци

| **6. Име и адреса на лицето за контакт** (административни работи) | **7. Име и адреса на лицето за контакт** (технички работи) |
|---|---|
| | |
| Телефон: | Телефон: |
| Мобилни телефони: | Мобилни телефони: |
| Факс: | Факс: |
| е-пошта (адреса): | е-пошта (адреса): |
| Интернет адреса: | Интернет адреса: |

**8. Приложувам суштински технички податоци за оригиналната стока:**

☐ Број на приложени документи [2] ☐ Број на приложени фотографии [2]

**9. Приложувам специфични информации за видот или шемата на измамата:**

☐ Број на приложени документи [2] ☐ Број на приложени фотографии [2]

| **10. Приложувам документ(и) како доказ дека барателот е носител на правото за предметната стока согласно член 3 точка 3 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост** | **11. Ја приложувам изјавата за преземање одговорност согласно член 7 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост со која се обврзувам дека преземам одговорност во ситуациите изложени во тој член (*):** |
|---|---|
| ☐ Број на приложени документи (2) | ☐ Приложена изјава за преземање одговорност |

**12. Секоја друга информација која ја поседува носителот на правото, на пример:**

| | |
|---|---|
| Земја или земји на производство | Бр.на приложени документи [2] ☐ |
| Локација на стоката или нејзино одредиште | Бр.на приложени документи [2] ☐ |
| Очекуван датум на пристигнување или поаѓање | Бр.на приложени документи [2] ☐ |
| Податоци за користените транспортни средства | Бр.на приложени документи [2] ☐ |
| Податоци за увозникот,извозникот или лицето | Бр.на приложени документи [2] ☐ |
| Карактеристики кои ја одликуваат пратката | Бр.на приложени документи [2] ☐ |
| Тарифна ознака на оригиналната стока | Бр.на приложени документи [2] ☐ |
| Технички разлики помеѓу оригиналната и кривотворената стока | Бр.на приложени документи [2] ☐ |
| Други корисни информации | Бр.на приложени документи [2] ☐ |

**13. Ден на поднесување на барањето:**

Ден на неговото потпишување Место Потпис и печат на барателот(**)

Ден/месец/година: ☐☐☐

(*) Види Рубрика 10

(**) Доколку барателот е застапник на носителот на правото, тој мора да обезбеди доказ дека е овластен за застапување на носителот на правата.

(1) Означи една соодветната рубрика/рубрики.

(2) Внеси го соодветниот број, доколку нема прилози, внеси "0".

**14. ПОПОЛНУВА ЦАРИНСКОТ ОРГАН**

☐ Барањето е одобрено Регистарски бр.:

Датум: ден/месец/година: ☐☐☐ Потпис и печат

Место:

☐ **Барањето важи до:** ☐☐☐

Секое барање за продолжување на рокот за важност треба да се испрати до надлежниот орган од Рубрика 2, најмалку 30 работни дена пред истекот на важноста на барањето.

■ **Барањето е отфрлено**

Приложени се: заклучок за отфрлање со соодветно образложение и информации за постапката за поднесување на жалба.

Ден: ден/месец/година: ☐☐☐ Потпис и печат

Место:

## У П А Т С Т В О
## ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА

*Рубрика 3*: Се пополнува Назив/Име, адреса и својство во кое се јавува барателот. Согласно член 3 точка 3 од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, барателот може да е и самиот носител на правото, лице кое има право да користи право од интелектуална сопственост или назначен застапник.

*Рубрика 4:* Се означува соодветното поле во однос на статусот на барателот.

*Рубрика 5*: Се означува соодветното поле во однос на видот на правото за кое се однесува барањето за превземање на дејствие.

*Рубрика 6 и 7:* Во рубриката 6 се запишуваат податоци за лицето за контакт на барателот кое ги извршува административните работи. Рубриката 7 е за податоци за лицето кое би било одговорно за контактирање со царинските органи за разгледување на техничките податоци за задржаната стока.

*Рубрика 8, 9 и 12:* Рубриката 8 се употребува за прецизни и практични информации кои ќе им овозможат на царинските органи брзо и коректно да ја идентификуваат автентичната стока. Рубриката 9 се употребува за било која информација која имателот на правото ја има, а се однесува за видот или начинот на вршење на измамата (фотографии, документи и т.н.). Информацијата треба да е што е можно подетална за да можат царинските органи да ги идентификуваат сомнителните пратки на едноставен начин и ефикасно со користење на анализата на ризик. Рубриката 12 се употребува за различни видови на информации кои на царинскиот орган ќе му овозможат да ги подобри разузнавачките информации за производите и начините на вршење на измамата. Може да се обезбедат и дополнителни корисни податоци како што се: вредноста пред одданочување на легалната стока, локацијата на стоката или нивната планирана дестинација, податоци кои ја идентификуваат пратката или пакетите, планираниот ден на пристигнување или заминување на стоката, користеното транспортно средство, идентитетот на увозникот, извозникот или лицето кое ја поседува стоката и слично.

*Рубрика 11:* Се употребува од лицето кое ја пополнува рубриката бр. 3 од Барањето за превземање на дејствија кое ги обезбедува и документите предвидени во рубрика 11 од Барањето за превземање на дејствија.

*Рубрика 13:* Со потпишување на оваа рубрика, носителот на правото потврдува дека ги прифаќа условите на Законот и своите обврски.

ПРИЛОГ 2

## И З Ј А В А
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ОДГОВОРНОСТ

Јас, долупотпишаниот_____________________________ со МБ___________________, л.к. број____________, издадена од ___________________, како одговорно лице на правното лице носител на право согласно член 3 точка (3) од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост (Службен весник на Република Македонија број 38/2005) (во понатамошниот текст Законот) потврдено со приложените документи, преземам обврска во согласност со член 7 од Законот да преземам одговорност кон лицата засегнати согласно член 1 став (1) од Законот, во случај на прекинување на постапка, поради дејствие или неисполнување од моја страна или во случај дополнително да се утврди дека засегнатата стока не повредува право од интелектуална сопственост.

Со ова преземам обврска за плаќање на сите трошоци настанати согласно член 10 и член 11 од Законот, за чување на стоката под царинска надзор, вклучувајќи ги трошоците настанати со уништување на стоката која повредува право од интелектуална сопственост.

Со ова преземам обврска да ја известам Централната управа на Царинската управа за секоја промена или губење на моите права од интелектуална сопственост. Истотака потврдувам дека сум запознаен со одредбите од член 12 од Законот поврзани со употребата на добиените податоци од страна на Централната управа на Царинската управа.

Изготвено во_____________

Датум: ___________________

_____________________________

*Потпис*

___________

**860.**

Врз основа на член 6 став (7) од Царинскиот закон (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ ЗА ДОКАЖУВАЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА УСЛОВИТЕ ЗА ЗДОБИВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ОДОБРЕНИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ И ЗА ЦАРИНСКАТА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се определува начинот за докажување на исполнувањето на условите за здобивање и одземање на одобренијата за вршење на работи на застапување во царинските постапки и за царинската лиценца за вршење на застапување.

Член 2

Одобрението за застапување во царинските работи на правни лица го издава Централната управа на Царинската управа (во продолжение: Централна управа) врз основа на писмено барање.

Кон барањето од став 1 на овој член подносителот приложува докази дека ги исполнува условите од член 6 став (2) на Царинскиот закон.

Како докази од став 2 на овој член се приложуваат следните документи:

- решение или извод од регистарот на надлежниот суд во кои е наведено седиштето на правното лице и дејноста за чие обавување подносителот на барањето е регистриран,

- доказ за положен стручен испит за вршење на застапување во царинските постапки за физичките лица кои ќе ги вршат работите на застапување кај подносителот на барањето,

- договор за вработување или соодветен акт за физичките лица кои ќе ги вршат работите на застапување кај подносителот на барањето и

- доказ за дадено овластување за потпишување на царински декларации на физичките лица кои ќе ги вршат работите на застапување кај подносителот на барањето.

Член 3

Централната управа го издава одобрението за вршење на работи за застапување во царинските постапки во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на комплетното барање, доколку подносителот на барањето ги исполнува условите согласно член 6 од Царинскиот закон.

Образец на одобрението за застапување е даден во Прилог 1 од овој правилник.

За сите издадени одобренија се води евиденција во Централната управа.

Член 4

Имателот на одобрението во рок од три дена од денот кога настанала одредена промена, писмено ја известува Централната управа секој податок значаен за исполнување на условите од членот 6 став (2) од Царинскиот закон, а посебно секоја промена во врска со вработените физички лица кои имаат царинска лиценца за вршење на застапувањето.

Член 5

Централната управа може да го одземе одобрението согласно член 6 став (9) на Царинскиот закон и истото го поништува или изменува согласно член 7 од Царинскиот закон.

Доколку одобрението се поништува заради неисполнување на условите од членот 6 став (2) алинеа 3 на Царинскиот закон, Централната управа може, по барање на имателот на одобрението, наместо поништување да одреди рок, кој не е подолг од 6 месеци, во којшто имателот треба да поднесе докази за исполнување на условите.

Член 6

Барањето за издавање на лиценца за вршење на застапување заинтересираното физичко лице го поднесува во Централната управа.

Кон барањето од став (1) на овој член подносителот приложува докази дека ги исполнува условите согласно член 6 став (3) од Царинскиот закон.

Како докази од став 2 на овој член се приложуваат следните документи:

- оригинал или фотокопија на доказот за потребната стручна подготовка,

- доказ за времетраењето на потребното работно искуство,

- потврда за успешно положен стручен испит за вршење на застапување во царинските постапки и

- копија од лична карта.

Член 7

Централната управа ја издава лиценцата на подносителот на барањето кој ги исполнува пропишаните услови најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на комплетното барање.

Образецот на лиценцата е даден во Прилог 2 на овој правилник.

За сите издадени лиценци се води евиденција во Централната управа.

Член 8

Централната управа може да ја одземе лиценцата согласно член 6 став (8) и (10) на Царинскиот закон.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01 јануари 2006 година.

Бр. 10-19949/2
12 јули 2005 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

Прилог 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Централна управа на Царинската управа на Република Македонија

Врз основа на член 6 од Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр. 39/05)

**ЦЕНТРАЛНАТА УПРАВА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

издава на

______________________________________________

______________________________________________

(назив и адреса на правното лице)

даночен бр.: ____________________

**О Д О Б Р Е Н И Е**

за вршење на работи за застапување
во царинските постапки

Рег. бр.: ____________________
Скопје, на ден ____________________

ДИРЕКТОР
НА ЦЕНТРАЛНАТА УПРАВА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Прилог 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Централна управа на Царинската управа на Република Македонија

Врз основа на член 6 од Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр. 39/05)

**ЦЕНТРАЛНАТА УПРАВА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

издава на

______________________________________________

(име и презиме)

роден(а) ____________________ , во ____________________

единствен матичен број ................

**Л И Ц Е Н Ц А**

за вршење на застапување

Рег. бр.: ____________________
Скопје, на ден ____________________

ДИРЕКТОР
НА ЦЕНТРАЛНАТА УПРАВА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

**861.**

Врз основа на член 6 став (6) од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПРОГРАМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОСЕБНИОТ СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ И НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува програмата и содржината на посебниот стручен испит за вршење на застапување во царинските постапки и се определуваат трошоците и надоместоците за спроведување на стручниот испит.

Член 2

Програмата за спроведување на стручниот испит ги опфаќа следните тематски области:

1. царински дозволено постапување или употреба на стока и царински формалности,
2. царинска тарифа,
3. потекло на стока,
4. вредност на стока за царински потреби,
5. даноци и даночна политика,
6. нетарифни мерки и мерки на трговска политика,
7. транспорт и транспортно осигурување,
8. шпедитерско работење,
9. изготвување и употреба на единствената царинска декларација (ЕЦД).

Член 3

Термините за спроведување на стручниот испит и местото на полагање на испитот се објавуваат во најмалку две јавни гласила.

Програмата и деталната содржина на стручниот испит, како и термините за спроведување на стручниот испит и местото на полагање на испитот се објавуваат на интернет страната на Царинската Управа.

Член 4

Стручниот испит за вршење на застапување во царинските работи се полага комисиски.

Стручниот испит се полага писмено и усмено.

Писмениот дел од испитот кој трае 120 минути се изведува од тематската област наведена во член 2 точка 9 од овој правилник.

Усмениот дел од испитот се изведува од сите тематски области наведени во член 2 од овој правилник и по правило опфаќа не повеќе од по три прашања од секоја област.

Кандидатот може да го полага усмениот дел од испитот само доколку успешно го положил писмениот дел од испитот.

За проверката на знаењето за секој кандидат се води записник.

Член 5

Писмената задача и усмениот дел од стручниот испит се оценуваат посебно и врз таа основа се оценува вкупниот успех на кандидатот со оценка "успешно" или "неуспешно".

Доколку кандидатот на определениот ден не дојде на стручниот испит или доколку не ја предаде писмената задача односно доколку се откаже од усмениот дел од испитот се смета дека испитот не го положил.

Од оправдани причини кандидатот може пред датумот на одржување на испитот да се одјави, така што платените средства за подмирување на надоместоците на испитот се земаат во предвид при следното пријавување.

Член 6

Кандидатот кој најмногу во две тематски области од член 2 на овој правилник на усмениот дел од испитот е оценет со оценка "неуспешно", може да полага поправен испит само во тие две области.

Ако кандидатот полага поправен испит од тематската област, која се полага писмено, тогаш повторно го полага писмениот дел од испитот од таа област.

Кандидатот кој за три или повеќе области е оценет со оценка "неуспешно", испитот повторно го полага во целост.

Член 7

Кандидатот може да го полага поправниот испит од поединачната област во рок кој не може да биде пократок од 30 дена и не подолг од три месеци од денот на објавување на резултатите.

Кандидатот може да го полага поправниот испит од поединачната област само еднаш. Доколку поправниот испит не го положи, стручниот испит го полага повторно во целост. Испитот во целост може да се полага најмногу три пати.

Член 8

Кандидатот кој го положил стручниот испит добива потврда за положен стручен испит.

Член 9

Надоместокот за спроведување на стручен испит изнесува 3.000 денари и го плаќа секој кандидат поединечно.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01 јануари 2006 година.

Бр. 10-19949/3
12 јули 2005 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РМ

**40.**

Врз основа на член 14 точка а) и член 77 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на РМ" бр. 13/05), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 11.07.2005 година донесе

## П Л А Н
## ЗА НУМЕРАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

**Предмет**

(1) Со овој План за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија (во понатамошниот текст: План за нумерација) се уредува распределбата и користењето на броеви и серии на броеви за јавните електронски комуникациски мрежи и јавните електронски комуникациски услуги.

Член 2

**Цел**

(1) Со Планот за нумерација се има за цел да се обезбеди:

а) ефикасно управување со нумерациските ресурси за јавните електронски комуникациски мрежи и јавните електронски комуникациски услуги,

б) рамноправен пристап до броевите и сериите на броеви за операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на јавни електронски комуникациски услуги и крајните корисници како основа за обезбедување на јавните електронски комуникациски услуги,

в) доволен нумерациски простор за иднина,

г) хармонизација со меѓународните и европските препораки за нумерација,

д) овозможување на преносливост на број во Република Македонија.

Член 3

**Дефиниции и кратенки**

(1) Одделни изрази употребени во овој План за нумерација го имаат следново значење:

а) Серија на броеви е непрекината низа на броеви од Планот за нумерација со одредена должина;

б) МУТ - Меѓународна Унија за Телекомуникации (ITU - International Telecommunications Union);

в) МУТ-Т - Меѓународна Унија за Телекомуникации-Сектор за Стандардизација;

г) МОС - Меѓународна Организација за Стандардизација (ISO - International Standardisation Organisation);

д) МЕК - Меѓународна Електротехничка Комисија (IEC - International Electrotechnical Commission);

ѓ) X.121 меѓународен број за податоци е глобална единствена информација за адресата на терминал во мрежа за пренос на податоци, која се состои од код за идентификација на мрежата за пренос на податоци и терминален број во рамките на оваа мрежа за пренос на податоци, кој не надминува 14 цифри, во согласност со препораката X.121 на МУТ-Т;

е) БМПТ - Број на мрежната приклучна точка (NTN - Network Terminal Number) означува идентификација на приклучна точка во рамките на посебна мрежа за пренос на податоци, кој не надминува 10 цифри, во согласност со препораката X.121 на МУТ-Т;

ж) КИМПП - Код за идентификација на мрежа за пренос на податоци (DNIC - Data network identification code) се првите четири цифри во X.121 меѓународниот број за податоци, со кои се идентификуваат една или повеќе мрежи за пренос на податоци;

з) КИПМ - Код за идентификација на приватна мрежа (PNIC - Private network identification code) е код кој не надминува 6 цифри и кој го следи КИМПП во X.121 меѓународниот број за податоци. КИМПП и КИПМ заедно идентификуваат приватна мрежа за пренос на податоци;

ѕ) ДМИУ - Дигитална Мрежа на Интегрирани Услуги (ISDN - Integrated Services Digital Network);

и) Префикс (Prefix) е индикатор кој се состои од една или повеќе цифри и овозможува избор на различни типови на броеви (на пр. локални, национални и меѓународни), транзитни мрежи и/или услуги;

ј) Меѓународен префикс (International prefix) претставува комбинација од цифри кои ги бира повикувачкиот претплатник кога повикува претплатник во друга држава за да добие пристап во автоматската појдовна меѓународна преносничка опрема;

к) Национален префикс (National prefix) претставува цифра која ја бира повикувачкиот претплатник кога повикува претплатник во својата држава вон неговото нумерациско географско подрачје;

л) Код на држава (Country code) претставува комбинација од една, две или три цифри кој ја карактеризира повиканата држава;

љ) Претплатнички број (SN - Subscriber number) претставува број кој треба да биде избран или повикан за да се добие претплатникот во иста локална мрежа или нумерациско подрачје;

м) Национален број (NSN - National (Significant) Number) претставува број што треба да биде избран по националниот префикс за да се добие претплатник во истата држава вон истата локална мрежа или нумерациско подрачје. Националниот број се состои од преносничкиот код и од претплатничкиот број;

н) Зелен број (Green Number) претставува негеографски број за кој целокупниот надоместок за сообраќајот остварен кон овој број се плаќа од страна на лицето на кое му е доделен бројот;

њ) Син број (Blue Number) претставува негеографски број за кој надоместокот за сообраќајот остварен кон овој број се плаќа делумно од страна на повикувачот и делумно од лицето на кое му е доделен бројот според однапред утврден сооднос;

о) Меѓународен број (International number) претставува број кој се бира после меѓународниот префикс за да се добие претплатник во друга држава. Меѓународниот број се состои од код на држава на бараната земја после кој доаѓа националниот број на повиканиот претплатник;

п) Национален дестинациски код (НДК) (NDC - National destination code) претставува кодно поле во Планот за нумерација, кое комбинирано со претплатничкиот број го сочинува националниот број содржан во меѓународниот број на ДМИУ. Со НДК се врши селекција на мрежа и/или преноснички код.

НДК може да биде декадна цифра или комбинација од декадни цифри (без никаков префикс) кој го карактеризира нумерациското подрачје во државата.

НДК треба да се вметне пред повиканиот претплатнички број кога повикувачкиот и повиканиот број се во различни нумерациски подрачја.

НДК во ДМИУ е идентичен со Преноснички Код (ПК) во телефонската мрежа.

р) Европски телефонски нумерациски простор (ETNS - European Telephone Numbering Space) е Европски План за нумерација кој слично на постојните национални планови за нумерација, се употребува за пристап до сеевропски услуги.

II. ПЛАН ЗА НУМЕРАЦИЈА НА МРЕЖИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ ОПЕРАТОРИ И ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ

Член 4

**Структура на националниот План за нумерација**

(1) Националниот План за нумерација е во согласност со препораката Е.164 на МУТ-Т, според која за Република Македонија е доделен код на држава 389.

(2) Меѓународни повици и повици до меѓународни услуги и меѓународни мрежи можат да се остваруваат со користење на меѓународниот префикс 00, кодот на државата доделен од МУТ и националниот број.

(3) Кодот за Европскиот телефонски нумерациски простор (ETNS) е 3883 и се употребува како и секој друг код на држава.

(4) Во Планот за нумерација структурата на националниот број е со следниот распоред на цифрите:

| НДК | претплатнички број |
|---|---|
| ← 1или 2 цифри → | ← 7 или 6 цифри → |

← 8 цифри (национален број) →

(5) Националниот префикс во Република Македонија е 0.

(6) Должината на националниот број изнесува 8 цифри.

(7) Должината на НДК може да изнесува 1 или 2 цифри за претплатнички број со должина 7 или 6 цифри, респективно.

(8) НДК може да има прва цифра со следната намена:

1 резервиран за идни потреби во Планот за нумерација

2 географски броеви со 7-цифрени претплатнички броеви

3 географски броеви со 6-цифрени претплатнички броеви

4 географски броеви со 6-цифрени претплатнички броеви

5 негеографски броеви за услуги со посебна цена на чинење на услугата (услуги со поделба на приходи - revenue share services, услуги со посебна тарифа - premium rate services, услуги со додадена вредност - value added services итн.)

6 резервиран за идни потреби во Планот за нумерација

7 негеографски броеви за јавни мобилни комуникациски услуги, пејџинг услуги и услуги за сателитски персонални комуникации

8 негеографски броеви за услуги (услуги на бесплатен повик (зелени броеви) - freephone services (green numbers), услуги со поделба на трошоци (сини броеви) - share cost services (blue numbers), итн.)

9 резервиран за идни потреби во Планот за нумерација

(9) Должината на претплатничкиот број може да изнесува 7 или 6 цифри, за НДК со должина 1 или 2 цифри, респективно.

(10) Претплатничкиот број може да има прва цифра од 2 до 9.

(11) Првата цифра на стандардизираните специјални, скратените и броевите за посебни услуги е 1.

(12) Првата цифра на броевите на мрежните елементи е 0.

(13) Блоковите серии на национални броеви со почетна цифра 1, 6 и 9 се резервирани за идни потреби во Планот за нумерација.

(14) Избор на оператор се остварува со бирање на 10ab, каде што ab е код на операторот што се нотифицирал како оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и ab можат да бидат било кои цифри од 0 до 9.

Член 5

**Доделување и користење на географски броеви**

(1) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: Агенција) доделува 7-цифрени и 6-цифрени серии на географски броеви во серии од 1.000, 10.000 и 100.000 броеви на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи по барање.

(2) Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи доделените броеви од став 1 на овој член ги даваат на користење на своите крајни корисници.

(3) Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи не можат без причина да повлечат број што е даден на користење на краен корисник. Причини за повлекување можат да бидат:

а) престанало обезбедувањето на услугата до крајниот корисник;

б) потребни се промени во интерниот план за нумерација на операторот, или

в) измените на закон и други прописи или акти донесени од Агенцијата што го прават повлекувањето неопходно.

(4) Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи треба да обезбедат ефикасно користење на доделените серии на броеви.

(5) При доделување на нови серии на броеви на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, Агенцијата ќе води сметка за искористувањето на веќе доделените серии на броеви и почитувањето на условите од претходното доделување.

(6) Поединечните броеви во една серија на географски броеви доделена на еден оператор на јавна фиксна електронска комуникациска мрежа се преносливи кај друг оператор на јавна фиксна електронска комуникациска мрежа. Поединечните броеви можат да се задржат ако крајниот корисник го смени операторот на јавна фиксна електронска комуникациска мрежа, под услов техничките услови да ја поддржуваат таквата преносливост на бројот.

Член 6

**Доделување и користење на скратени броеви во нумерациски географски подрачја**

(1) Агенцијата доделува скратени броеви со должина 4 цифри за нумерациски географски подрачја со 6-цифрени претплатнички броеви и скратени броеви со должина 5 цифри за нумерациски географски подрачја со 7-цифрени претплатнички броеви на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на јавни електронски комуникациски услуги и крајни корисници по барање.

(2) Почетните две цифри на скратените броеви се 15.

(3) Броевите од став 1 и 2 на овој член се доделуваат поединечно.

(4) Скратените броеви во нумерациски географски подрачја можат да се бираат од негеографски броеви со или без НДК (ПК).

Член 7

**Доделување и користење на преноснички кодови**

(1) Националните дестинациски (преноснички) кодови со прва цифра 2, 3 и 4 наменети за нумерациските географски подрачја со 7-цифрени и 6-цифрени претплатнички броеви во Планот за нумерација, се распоредени на следниот начин:

2 Скопје

30 резерва
31 Куманово, Кратово, Крива Паланка
32 Штип, Свети Николе, Пробиштип, Радовиш
33 Кочани, Виница, Делчево, Берово, Пехчево
34 Гевгелија, Струмица, Валандово, Дојран
35 - 39 резерва

40-41 резерва
42 Гостивар
43 Велес, Неготино, Кавадарци
44 Тетово
45 Кичево, Македонски Брод
46 Охрид, Струга, Дебар
47 Битола, Демир Хисар, Ресен
48 Прилеп, Крушево
49 резерва

Член 8

**Доделување и користење на негеографски броеви од сериите 05 и 08**

(1) Агенцијата доделува негеографски броеви од сериите 05 и 08 на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на јавни електронски комуникациски услуги и даватели на услуги по барање.

(2) Поединечните броеви од овие серии не можат да бидат скратени.

(3) Броевите од став 1 и 2 на овој член се доделуваат поединечно или во групи од по 100 броеви.

(4) Структурата на негеографски број од серијата 05 за услуги со посебна цена на чинење е:

5xy abcde

при што x означува начин на тарифирање на услугата, y означува за која популација е наменета услугата со посебна цена на чинење и тоа:

| | |
|---|---|
| x = 1 | резерва |
| x = 2,3,4 | услуга со тарифирање по настан |
| x = 5,6,7,8,9,0 | услуга со тарифирање по времетраење |
| xy = 00 | услуга наменета за возрасни |

а abcde можат да бидат било кои цифри од 0 до 9.

(5) Структурата на негеографски број од серијата 08 за услуги е:

8xy abcde

при што xy го означуваат начинот на тарифирање на услугата, а abcde можат да бидат било кои цифри од 0 до 9.

(6) Зелен број има структура 0800 abcde (xy = 00).
(7) Син број има структура 08xy abcde каде xy се различни од 00.

Член 9

**Доделување и користење на негеографски броеви од серијата 7x**

(1) Агенцијата доделува негеографски броеви од серијата 7x на оператори на јавни мобилни електронски комуникациски мрежи и даватели на јавни електронски радиокомуникациски услуги по барање. Претплатничките броеви во серијата 7x се со должина 6 цифри и се доделуваат во блокови од 1.000, 10.000 и 100.000 броеви.
(2) Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на јавни електронски комуникациски услуги доделените броеви од став 1 на овој член ги даваат на користење на своите крајни корисници.

Член 10

**Доделување и користење на стандардизирани специјални броеви**

(1) Стандардизираните специјални броеви се 3-цифрени.
(2) Серијата на броеви 110-119 е наменета за стандардизирани специјални броеви за хармонизација со Европската Унија и има структура:

| | |
|---|---|
| 110-111 | резерва |
| 112 | Итни повици |
| 113-119 | резерва |

(3) Агенцијата доделува и други броеви кои покрај 112 ќе бидат на располагање за повици до разни видови служби за итни услуги.

| | |
|---|---|
| 191 | резерва |
| 192 | Полиција |
| 193 | Противпожарна служба |
| 194 | Брза помош |
| 195 | Центар за известување и тревожење |

(4) Агенцијата доделува скратени броеви за услуги од општествено значење.

| | |
|---|---|
| 196 | Служба за помош на пат |
| 197 | Царинска управа |
| 198 | Управа за јавни приходи |
| 199 | Министерство за внатрешни работи |
| 190 | резерва |

(5) Стандардизираните специјални броеви се единствени и истите се бираат без национален префикс и НДК (ПК).

Член 11

**Доделување и користење на скратени броеви на операторите на јавните електронски комуникациски мрежи**

(1) Серијата броеви 13a е резервирана за употреба за скратени броеви за сопствени потреби на операторите на јавните електронски комуникациските мрежи.
(2) Броевите се со должина од 3 цифри.
(3) Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи можат да ја користат оваа серија на броеви за специјални интерно дефинирани услуги.
(4) Крајни корисници немаат пристап до овие броеви.

Член 12

**Доделување и користење на броеви на операторите на јавните електронски комуникациски мрежи за услуги за грижа за корисниците**

(1) Серијата броеви со почетни цифри 12, 17 и 18 се употребува за броеви на операторите на јавните електронски комуникациски мрежи за пријавување на дефекти, информации од телефонски именик, говорна пошта, надополнување на кредит, проверка на состојба на телефонска сметка и слични услуги на операторите на јавните телекомуникациски мрежи до кои можат да пристапат крајните корисници.
(2) Броевите од серијата 12 можат да бидат со должина од 3 до 6 цифри за нумерациски подрачја со 6-цифрени претплатнички броеви и со должина од 3 до 7 цифри за нумерациски подрачја со 7-цифрени претплатнички броеви.
(3) Броевите од сериите 17 и 18 можат да бидат со должина 3 и 4 цифри.
(4) Должината на своите скратени броеви ја одредува операторот на јавната електронска комуникациска мрежа, во рамките на ограничувањата наведени во став 2 и 3 од овој член.
(5) Броевите од сериите 12, 17 и 18 се доделуваат поединечно и истите се бираат со национален префикс и НДК (ПК) меѓу различни оператори на јавни телекомуникациски мрежи.
(6) Два од доделените броеви на операторите на јавните телекомуникациски мрежи за услуги за грижа за корисниците (за давање информации за претплатничките броеви и за пријава на дефекти на претплатничките линии) се доделуваат на користење без надоместок.

Член 13

**Доделување и користење на броеви на операторите на јавните електронски комуникациски мрежи за посебни услуги**

(1) Агенцијата доделува серија на броеви за посебни услуги, со почетни две цифри 14, на барање на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, во рамките на нумерациското подрачје кое го користи операторот.
(2) Броевите од серијата 14 можат да се користат за:
а) обезбедување на услуги со додадена вредност (value added services);
б) обезбедување на содржина (content-based services);
в) обезбедување на услуги со делење на приход (revenue-sharing services);
г) услуги со посебна цена на чинење (premium rate services);
д) услуги базирани на сесија;
ѓ) услуги за реализација на трансакции и
е) слични услуги.

(3) По почетните две цифри 14, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да употребува произволен број на цифри и/или алфа карактери.

(4) Поединечните броеви од серијата 14 не можат да се доделуваат на крајни корисници како претплатнички броеви.

(5) До броевите од серијата 14 можат да имаат пристап само крајни корисници од мрежата на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа на кој му се доделени овие броеви.

(6) Броевите од серијата 14 се доделуваат групно како цела серија.

Член 14

**Преносливост на броевите**

(1) Крајниот корисник има право на преносливост на број на давател на услуга, географска преносливост на број и преносливост на број на услуга.

(2) Начинот и времето на спроведување на преносливоста на броевите и техничките и други услови за реализација на правото на преносливост од став 1 на овој член, се уредуваат со акт на Агенцијата.

## III. ПЛАН ЗА НУМЕРАЦИЈА ЗА ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ЗА ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИ

Член 15

**Доделување и користење на кодови за идентификација на јавните електронски комуникациски мрежи за пренос на податоци и приватните мрежи за пренос на податоци**

(1) Агенцијата доделува кодови за идентификација на јавните електронски комуникациски мрежи за пренос на податоци и приватните мрежи за пренос на податоци во согласност со препораката X.121 на МУТ-Т. На барање на даватели на јавни електронски комуникациски услуги за пренос на податоци, Агенцијата доделува КИМПП и КИПМ под код на држава 294 за Република Македонија.

(2) КИМПП може да се додели на давател кој има електронска комуникациска мрежа за пренос на податоци, користи адреси во согласност со препораката X.121 на МУТ-Т и обезбедува услуга за пренос на податоци за јавноста.

(3) За да обезбеди ефикасно искористување на националните X.121 ресурси, Агенцијата може да бара два или повеќе даватели да делат КИМПП. На таквите даватели во тој случај ќе им биде дадено најмалку шест месечно претходно известување.

(4) КИПМ може да се додели на давател кој има електронска комуникациска мрежа за пренос на податоци која користи адреси во согласност со препораката X.121 на МУТ-Т и обезбедува услуга за пренос на податоци на помала група или за сопствени потреби. Доделениот КИПМ нормално опфаќа две или три цифри покрај КИМПП.

(5) Давателот кому му е доделен КИМПП или КИПМ, доделува крајни броеви на своите претплатници под КИМПП или КИПМ што му се доделени од страна на Агенцијата, со сите ограничувања што Агенцијата може да ги постави во однос на почетните цифри од крајниот број.

## IV. ДРУГИ ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПЛАНОВИ ЗА НУМЕРАЦИЈА

Член 16

**Доделување и користење на кодови за идентификација на издавачи на кредитни картички поврзани со електронски комуникациски услуги**

(1) Агенцијата доделува броеви за идентификација на издавачи на кредитни картички поврзани со електронски комуникациски услуги во согласност со препораката E.118 на МУТ-Т.

Член 17

**Доделување и користење на кодови за ДМИУ мрежи со одговорност за идентификација на затворени кориснички групи**

(1) Агенцијата доделува кодови за идентификација на ДМИУ мрежи за идентификација на мрежи каде давателот е одговорен за управување на затворени кориснички групи во согласност со препораката E.167 на МУТ-Т.

Член 18

**Доделување и користење на кодови на мрежа поврзана со мобилни мрежи и мобилни услуги**

(1) Агенцијата доделува кодови на мобилни мрежи за идентификација на мобилни терминали и мобилни корисници во согласност со препораката E.212 на МУТ-Т и во согласност со стандардот ETC 300 523 на МОС, под код на држава 294 за Република Македонија.

(2) Агенцијата доделува кодови на мрежа во согласност со препораката E.214 на МУТ-Т.

Член 19

**План за нумерација за кодовите на сигналните точки**

(1) Планот за нумерација за кодовите на сигналните точки е во согласност со препораките Q.704 и Q.708 на МУТ-Т.

(2) Агенцијата доделува меѓународни кодови за сигнализација во согласност со препораките Q.704 и Q.708.

(3) Агенцијата доделува национални кодови за сигнализација со структура 3-6-5 бита без надоместок, од кои за првите три бита се користи вредност 0, второто поле од шест бита ги означува примарните подрачја, како и транзитните и меѓународните сигнални точки, а третото поле од пет бита ги разликува сигналните точки во даденото примарно подрачје.

(4) Националните кодови за сигнализација се распределени како што следи:

0-0 -x резерва
0-1 -x за меѓународни и транзитни сигнални точки
0-2 -x за примарно подрачје на Скопје
0-3 -x за примарно подрачје на Скопје
0-4 -x Куманово
0-5 -x Крива Паланка
0-6 -x Штип
0-7 -x Пробиштип
0-8 -x Свети Николе
0-9 -x Кочани
0-10-x Берово
0-11-x Делчево
0-12-x Струмица
0-13-x Радовиш
0-14-x Гевгелија
0-15-x Кавадарци
0-16-x Неготино
0-17-x Велес
0-18-x Прилеп
0-19-x Битола
0-20-x Охрид
0-21-x Ресен
0-22-x Струга
0-23-x Дебар
0-24-x Кичево
0-25-x Гостивар
0-26-x Тетово
0-27-x резерва
.
.
0-30-x мобилна телефонија

0-31-x мобилна телефонија
0-32-x резерва
.
.
0-63-x резерва

(5) Агенцијата доделува меѓународни кодови за сигнализација со структура 3-8-3 бита, од кои првите три бита означуваат географска зона во светот, второто поле од осум бита означува географско подрачје или мрежа во зоната, а третото поле од три бита означува сигнална точка во географското подрачје или мрежата.

(6) Меѓународните кодови за сигнализација се распределени како што следи:
2-220-x

Член 20

**Доделување и користење на кодови за идентификација на производители кои имплементираат нестандардизирани функции во електронски комуникациски производи**

(1) Агенцијата доделува кодови за идентификација на производители кои имплементираат нестандардизирани функции во електронски комуникациски производи, во согласност со препораката T.35 на МУТ-Т.

V. ОБВРСКА НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВОТО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА БРОЕВИ

Член 21

**Доставување извештаи до Агенцијата**

(1) Операторите на јавните електронски комуникациски мрежи и давателите на јавни електронски комуникациски услуги на кои им се доделени броеви и серии на броеви, во годишниот извештај до Агенцијата до 1 февруари секоја година, или во пократки рокови определени од страна на Агенцијата ќе ја прикажат употребата на доделените броеви и серии на броеви.

(2) Извештајот содржи информации за секоја доделена серија на броеви за состојбата на 31 Декември од претходната година, како што се:

а) распределба на сериите на броеви на разни услуги;

б) процентуален дел на броеви во активна употреба;

в) процентуален дел на броеви кои се резервирани, но не се во активна употреба;

г) процентуален дел на броеви пренесени на други оператори на јавни телекомуникациски мрежи или даватели на јавни телекомуникациски услуги;

д) прогноза за искористеност на серијата на броеви за наредната година, и

ѓ) други информации поврзани со користењето на броевите на барање од Агенцијата.

(3) Давателите на јавни електронски комуникациски услуги со КИМПП доделен од Агенцијата, до 1 февруари секоја година или во пократки рокови определени од страна на Агенцијата ќе ја прикажат употребата на серијата на броеви под доделениот КИМПП.

(4) Извештајот содржи информации за состојбата на 31 Декември од претходната година, како што се:

а) план за нумерација на мрежата за пренос на податоци во форма на краток преглед;

б) должината на претплатничките и/или крајните броеви;

в) број на претплатници на мрежата за пренос на податоци или во подрачјата на индивидуални броеви;

г) планирани промени во планот за нумерација или структурата на броевите;

д) други информации за користењето на посебен КИМПП кои се бараат од Агенцијата.

(5) По потреба, на барање на Агенцијата, давателите на јавните електронски комуникациски услуги со КИПМ ќе доставaт извештај во кој ќе покажат како се користи серијата на броеви под доделениот КИПМ.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

(1) Нумерацијата на службите за итни повици (192, 193, 194) ќе се задржи во употреба и по организирањето на единствена служба за итни повици со специјален скратен број 112 утврдена со овој План за нумерација.

(2) Операторите на јавните електронски комуникациски мрежи и давателите на јавни електронски комуникациски услуги ќе го усогласат своето работење согласно одредбите на овој План за нумерација во рок од шест месеци од неговото влегување во сила.

Член 23

Овој План влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

По влегувањето во сила, овој План ќе биде објавен и на веб-страната на Агенцијата.

Претседател
на Комисијата на Агенција
за електронски комуникации,
**Софче Јовановска,** с.р.

---

**41.**

Врз основа на член 14 точка а) и член 58 став 4) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр.13/2005), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 07.07.2005 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ**

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат радиофреквенциите кои можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции, во согласност со прописите на Европската конференција за пошти и телекомуникации (CEPT) и другите меѓународни правила и прописи што ги прифатила Република Македонија.

Член 2

Радиофреквенциите кои се користат без одобрение за користење на радиофреквенции како и условите за нивно користење се дадени во Прилог на овој правилник кој е негов составен дел.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен весник на Република Македонија.

По влегувањето во сила, овој правилник ќе биде објавен и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Претседател
на Комисијата на Агенција
за електронски комуникации,
**Софче Јовановска,** с.р.

## ПРИЛОГ

(за радиофреквенции кои се користат без одобрение за користење на радиофреквенции)

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 9,00 - 59,750 KHz | SRD: индуктивни апликации | EN 300 330 | 72 dBμA/m на 10 метри (на 30 KHz јачината на полето опаѓа за 3 dB/oct) | | | ERC/DEC/(01)13 ERC/REC 70-03 Annex 9 | Како надворешна антена може да се користи само loop coil антена |
| 2 | 59,750 - 60,250 KHz | SRD: индуктивни апликации | EN 300 330 | 42 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/DEC/(01)13 ERC/REC 70-03 Annex 9 | Како надворешна антена може да се користи само loop coil антена |
| 3 | 60,250 - 70 KHz | SRD: индуктивни апликации | | 69 dBμA/m на 10 метри (на 30 KHz јачината на полето опаѓа за 3 dB/oct) | | | ERC/DEC/(01)13 ERC/REC 70-03 Annex 9 | Како надворешна антена може да се користи само loop coil антена |
| 4 | 70 - 119 KHz | SRD: индуктивни апликации | | 42 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/DEC/(01)13 ERC/REC 70-03 Annex 9 | Како надворешна антена може да се користи само loop coil антена |
| 5 | 119 - 135 KHz | SRD: индуктивни апликации | | 66 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/DEC/(01)13 ERC/REC 70-03 Annex 9 | Како надворешна антена може да се користи само loop coil антена |
| 6 | 135 - 140 KHz | SRD: индуктивни апликации | | 42 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/REC 70-03 Annex 9 | Како надворешна антена може да се користи само loop coil антена |
| 7 | 140 - 148,5 KHz | SRD: индуктивни апликации | | 37,7 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/REC 70-03 Annex 9 | Како надворешна антена може да се користи само loop coil антена |
| 8 | 9,00 - 315 KHz | SRD: активни медицински импл. со ултра ниска моќност | EN 300 330 | 30 dBμA/m на 10 метри | < 10% | | ERC/REC 70-03 Annex 12 | |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | 148,5 - 1600 KHz | SRD: индуктивни апликации | EN 300 330 | - 5 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/REC 70-03 Annex 9 | Како надворешна антена може да се користи само loop coil антена |
| 10 | 315 - 600 KHz | SRD: активни медицински импл. со ултра ниска моќност | EN 300 330 | - 5 dBμA/m на 10 метри | < 10% | | ERC/REC 70-03 Annex 12 | Апликациите се наменети за животински импланти |
| 11 | 457 KHz | SRD: откривање на жртви во лавини | EN 300 718 | 7 dBμA/m на 10 метри | до 100% | без модулација | ECC/DEC/(04)01 ERC/REC 70-03 Annex 2 | |
| 12 | 3155 - 3400 KHz | SRD: индуктивни апликации | EN 300 330 | 13,5 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/REC 70-03 Annex 9 | Како надворешна антена може да се користи само loop coil антена |
| 13 | 4515 KHz | SRD: железнички апликации (систем Euroloop) | EN 300 330 | 7 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/REC 70-03 Annex 4 | Предава само по прием на Eurobalise сигнал од воз |
| 14 | 6765 - 6795 KHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 330 | 42 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/DEC/(01)01 ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| | | SRD: индуктивни апликации | EN 300 330 | 42 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/DEC/(01)14 ERC/REC 70-03 Annex 9 | |
| 15 | 7400 - 8800 KHz | SRD: индуктивни апликации | EN 300 330 | 9 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/DEC/(01)15 ERC/REC 70-03 Annex 9 | |
| 16 | 10200 - 11000 KHz | SRD: индуктивни апликации | | 9 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/REC 70-03 Annex 9 | |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17.1 | 13,553 - 13,567 MHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 330 | 42 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/DEC/(01)01 ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 17.2 | | SRD: индуктивни апликации | EN 300 330 | 42 dBμA/m на 10 метри<br>60 dBμA/m на 10 метри (само за RFID и EAS) | | | ERC/DEC/(01)14 ERC/REC 70-03 Annex 9 | |
| 18.1 | 26,957 - 27,283 MHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 220 | 42 dBμA/m на 10 метри или 10 mW e.r.p. | | | ERC/DEC/(01)02 ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 18.2 | | SRD: индуктивни апликации | EN 300 330 | 42 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/DEC/(01)16 ERC/REC 70-03 Annex 9 | |
| 19 | 26,995 MHz<br>27,045 MHz<br>27,145 MHz<br>27,195 MHz | SRD: далечинско управување на модели | EN 300 220 | 100 mW e.r.p. | | 10KHz | ERC/DEC/(01)10 ERC/REC 70-03 Annex 8 | |
| 20.1 | 27,095 MHz | SRD: далечинско управување на модели | EN 300 220 | 100 mW e.r.p. | | 10KHz | ERC/DEC/(01)10 ERC/REC 70-03 Annex 8 | |
| 20.2 | | SRD: железнички апликации (систем Eurobalise) | EN 300 330 | 42 dBμA/m на 10 метри | | | ERC/REC 70-03 Annex 4 | |
| 21 | 29,7 - 47 MHz | SRD: безжични микрофони (тесно појасен аудио) | EN 300 422 | 10 mW e.r.p. | до 100% | 50 KHz | ERC/REC 70-03 Annex 10 | |
| 22 | 30 - 37,5 MHz | SRD: активни медицински импланти со ултра мала моќност | EN 300 220 | 1 mW e.r.p. | <10% | | ERC/REC 70-03 Annex 12 | Медицински мембрански импланти со ултра мала моќност за мерење на крвен притисок. |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | 34,995 - 35,225 MHz | SRD: далечинско управување на модели | EN 300 220 | 100 mW e.r.p. | | 10 KHz | ERC/DEC/(01)11 ERC/REC 70-03 Annex 8 | Само за модели што летаат |
| 24 | 40,660 - 40,700 MHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 220 | 10 mW e.r.p. | | | ERC/DEC/(01)03 ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 25 | 40,665 MHz<br>40,675 MHz<br>40,685 MHz<br>40,695 MHz | SRD: далечинско управување на модели | EN 300 220 | 100 mW e.r.p. | | 10 kHz | ERC/DEC(01)12 ERC/REC 70-03 Annex 8 | |
| 26 | 137 - 137,175 MHz | S-PCS <1GHz (T) | EN 301 721 | | | | ERC/DEC/(99)05 | Мобилни земски станици |
| 27 | 137,75 - 138 MHz | S-PCS <1GHz (T) | EN 301 721 | | | | ERC/DEC/(99)05 | Мобилни земски станици |
| 28 | 138,2 - 138,45 | SRD: неспецифични уреди | | 10 mW e.i.r.p. | <1,0 % | | ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 29 | 148 - 150,05 MHz | S-PCS <1GHz (T) | EN 301 721 | | | | ERC/DEC/(99)05 | Мобилни земски станици |
| 30 | 173,965 - 174,015 MHz | SRD: безжични микрофони (помошни средства) | EN 300 422 | 2 mW e.r.p. | до 100 % | 50 KHz | ERC/REC 70-03 Annex 10 | |
| 31 | 312 - 315 MHz | S-PCS <1GHz (T) | EN 301 721 | | | | ERC/DEC/(99)05 | Мобилни земски станици |
| 32 | 387 - 390 MHz | S-PCS <1GHz (T) | EN 301 721 | | | | ERC/DEC/(99)05 | Мобилни земски станици |
| 33 | 399,9 - 400,05 MHz | S-PCS <1GHz (T) | EN 301 721 | | | | ERC/DEC/(99)05 | Мобилни земски станици |
| 34 | 400,15 - 401 MHz | S-PCS <1GHz (T) | EN 301 721 | | | | ERC/DEC/(99)05 | Мобилни земски станици |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 35 | 402 - 405 MHz | SRD: активни медицински импланти со ултра мала моќност | EN 301 839 | 25 µW e.r.p. | | 25 kHz | ERC/DEC/(01)17 ERC/REC 70-03 Annex 12 | Индивидуалните трансмитери можат да комбинираат соседни канали за зголемен опсег до 300 kHz |
| 36 | 406 - 406,1 MHz | S-PCS <1GHz (T) | EN 301 721 | | | | ERC/DEC/(99)05 | Мобилни земски станици |
| 37 | 410 - 430 MHz | дигитални PMR/PAMR (T) | ETS 300 392 ETS 300 393 ETS 300 394 ETS 300 396 EN 303 035 | | | | ERC/DEC/(99)02 ERC/DEC/(99)03 | Мобилни терминали |
| 38 | 433,050 - 434,790 MHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 220 | 10 mW e.r.p. | <10% | | ECC/DEC/(04)02 ERC/REC 70-03 Annex 1 | Не е дозволен пренос на звук и говор |
| 39 | 433,050 - 434,790 MHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 220 | 1 mW e.r.p. -13dBm/10kHz (за широкопојасни канали со опсег поголем од 250 kHz) | до 100 % | | ECC/DEC/(04)02 ERC/REC 70-03 Annex 1 | Не е дозволен пренос на звук и говор |
| 40 | 433,040 - 434,790 MHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 220 | 10 mW e.r.p. | до 100 % | до 25 KHz | ECC/DEC/(04)02 ERC/REC 70-03 Annex 1 | Не е дозволен пренос на звук и говор |
| 41 | 446 - 446,1 MHz | PMR446 | EN 300 296 | 500mW | | | ERC/DEC/(98)26 ERC/DEC/(98)27 | Мобилни терминали за говорни комуникации |
| 42 | 863 - 865 MHz | SRD: безжични микрофони | EN 300 422 EN 301 357 | 10 mW e.r.p. | до 100% | 200 KHz | ERC/REC 70-03 Annex 10 | |
| | | SRD: безжични аудио апликации | EN 301 357 | 10 mW e.r.p. | до 100% | | ERC/DEC/(01)18 ERC/REC 70-03 Annex 13 | |
| 43 | 864,8 - 865 MHz | SRD: безжични аудио апликации | EN 300 220 | 10 mW e.r.p. | до 100% | 50 KHz | ERC/REC 70-03 Annex 13 | Теснопојасни аналогни уреди за пренос на глас |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 44 | 865 - 868 MHz | SRD: радиофреквентна идентификација (RFID) | EN 302 208 | 100 mW e.r.p. | LBT(Listen Before Talk) | 200 KHz | ERC/REC 70-03 Annex 11 | |
| 45 | 865,6 - 867,6 MHz | SRD: радиофреквентна идентификација (RFID) | EN 302 208 | 2 W e.r.p. | LBT(Listen Before Talk) | 200 KHz | ERC/REC 70-03 Annex 11 | |
| 46 | 865,6 - 868 MHz | SRD: радиофреквентна идентификација (RFID) | EN 302 208 | 500 mW e.r.p. | LBT(Listen Before Talk) | 200 KHz | ERC/REC 70-03 Annex 11 | |
| 47 | 868,0 - 868,6 MHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 220 | 25 mW e.r.p. | < 1,0% | | ERC/DEC/(01)04 ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 48 | 868,6 - 868,7 MHz | SRD: аларми | EN 300 220 | 10 mW e.r.p. | < 0,1% | 25 kHz | ERC/DEC/(01)09 ERC/REC 70-03 Annex 7 | Целиот опсег може да се користи како еден канал за пренос на податоци со голема брзина |
| 49 | 868,7 - 869,2 MHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 220 | 25 mW e.r.p. | < 0,1% | | ERC/DEC/(01)04 ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 50 | 869,2 - 869,25 MHz | SRD: аларми | EN 300 220 | 10 mW e.r.p. | < 0,1% | 25 KHz | ERC/DEC/(97)06 ERC/REC 70-03 | |
| 51 | 869,25 - 869,3 MHz | SRD: аларми | EN 300 220 | 10 mW e.r.p. | < 0,1% | 25 KHz | ERC/DEC/(01)09 ERC/REC 70-03 Annex 7 | |
| 52 | 869,3 - 869,4 MHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 220 | 10 mW e.r.p. | | 25 KHz | ERC/REC 70-03 Annex 1 | |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 53 | 869,4 - 869,65 MHz | SRD:<br>неспецифични уреди | EN 300 220 | 500 mW e.r.p. | < 10% | 25 KHz | ERC/DEC/(01)04<br>ERC/REC 70-03<br>Annex 1 | Целиот опсег може да се користи како еден канал за пренос на податоци со голема брзина |
| 54 | 869,65 - 869,7 MHz | SRD:<br>аларми | EN 300 220 | 25 mW e.r.p. | < 10% | 25 KHz | ERC/DEC/(01)09<br>ERC/REC 70-03<br>Annex 7 | |
| 55 | 869,7 - 870 MHz | SRD:<br>неспецифични уреди | EN 300 220 | 5 mW e.r.p. | до 100% | | ERC/DEC/(01)04<br>ERC/REC 70-03<br>Annex 1 | |
| 56 | 870 - 876 MHz | дигитални PMR/PAMR (T) | ETS 300 392<br>ETS 300 393<br>ETS 300 394<br>ETS 300 396<br>EN 303 035 | | | | ERC/DEC/(99)02<br>ERC/DEC/(99)03 | Мобилни терминали |
| 57 | 876 - 880 MHz | GSM - R | EN 301 502<br>EN 301 511<br>EN 301 419 | - 8 W (39 dBm)<br>- 5 W (37 dBm)<br>- 2 W (33 dBm)<br>- 0,8 W (29dBm) | | 200 KHz | ECC/DEC/(02)05<br>ECC/DEC/(02)09<br>ECC/DEC/(02)10 | Мобилни терминали |
| 58 | 880 - 890 MHz | E - GSM | EN 301 502<br>EN 301 511<br>EN 301 419 | - 8 W (39 dBm)<br>- 5 W (37 dBm)<br>- 2 W (33 dBm)<br>- 0,8 W (29dBm) | | 200 KHz | ERC/DEC/(98)20<br>ERC/DEC/(97)02 | Мобилни терминали |
| 59 | 890 - 915 MHz | GSM | EN 301 502<br>EN 301 511<br>EN 301 419 | - 8 W (39 dBm)<br>- 5 W (37 dBm)<br>- 2 W (33 dBm)<br>- 0,8 W (29dBm) | | 200 KHz | ERC/DEC/(98)20<br>ERC/DEC/(95)01 | Мобилни терминали GSM |
| 60 | 915 - 921 MHz | дигитални PMR/PAMR (T) | ETS 300 392<br>ETS 300 393<br>ETS 300 394<br>ETS 300 396<br>EN 303 035 | | | | ECC/DEC/(99)02<br>ECC/DEC/(99)03 | Мобилни терминали |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 61 | 921 - 925 MHz | GSM - R | EN 301 502<br>EN 301 511<br>EN 301 419 | - 8 W (39 dBm)<br>- 5 W (37 dBm)<br>- 2 W (33 dBm)<br>- 0,8 W (29dBm) | | 200 KHz | ECC/DEC/(02)10<br>ECC/DEC/(02)09<br>ECC/DEC/(02)05 | Мобилни терминали |
| 62 | 925 - 935 MHz | E - GSM | EN 301 502<br>EN 301 511<br>EN 301 419 | - 8 W (39 dBm)<br>- 5 W (37 dBm)<br>- 2 W (33 dBm)<br>- 0,8 W (29dBm) | | 200 KHz | ERC/DEC/(98)20<br>ERC/DEC/(97)02 | Мобилни терминали |
| 63 | 935 - 960 MHz | GSM | EN 301 502<br>EN 301 511<br>EN 301 419 | - 8 W (39 dBm)<br>- 5 W (37 dBm)<br>- 2 W (33 dBm)<br>- 0,8 W (29dBm) | | 200 KHz | ERC/DEC/(98)20<br>ERC/DEC/(95)01 | Мобилни терминали GSM |
| 64 | 1525 - 1544 MHz | Мобилни сателитски системи (T):<br>Spacechecker<br>S-SMS,<br>SUT,<br>Thuraya,<br>Inmarsat-B,<br>Inmarsat-C,<br>Inmarsat-M,<br>Inmarsat-M4,<br>Inmarsat-D,<br>Inmarsat-phone (Mini-M),<br>EMS-PRODAT,<br>EMS-MSSAT | ETS 300 254<br>ETS 300 423<br>EN 301 426<br>EN 301 444<br>EN 301 473<br>EN 301 681 | | | | ERC/DEC/(95)01<br>ERC/DEC/(98)01<br>ERC/DEC/(98)02<br>ERC/DEC/(98)03<br>ERC/DEC/(98)04<br>ERC/DEC/(98)12<br>ERC/DEC/(98)13<br>ERC/DEC/(98)14<br>ERC/DEC/(98)18<br>ERC/DEC/(98)19<br>ERC/DEC/(98)29<br>ERC/DEC/(99)18<br>ERC/DEC/(99)19<br>ERC/DEC/(99)20<br>ERC/DEC/(99)21<br>ERC/DEC/(01)22<br>ERC/DEC/(01)23<br>ERC/DEC/(01)24<br>ERC/DEC/(01)25<br>ERC/DEC/(02)11 | |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 65 | 1545 - 1555,0 MHz | Мобилни сателитски системи (Т):<br>Spacechecker<br>S-SMS,<br>SUT,<br>Thuraya,<br>Inmarsat-B,<br>Inmarsat-C,<br>Inmarsat-M,<br>Inmarsat-M4,<br>Inmarsat-D,<br>Inmarsat-phone (Mini-M),<br>EMS-PRODAT,<br>EMS-MSSAT | ETS 300 254<br>ETS 300 423<br>EN 301 426<br>EN 301 444<br>EN 301 473<br>EN 301 681 | | | | ERC/DEC/(95)01<br>ERC/DEC/(98)01<br>ERC/DEC/(98)02<br>ERC/DEC/(98)03<br>ERC/DEC/(98)04<br>ERC/DEC/(98)12<br>ERC/DEC/(98)13<br>ERC/DEC/(98)14<br>ERC/DEC/(98)18<br>ERC/DEC/(98)19<br>ERC/DEC/(98)29<br>ERC/DEC/(99)18<br>ERC/DEC/(99)19<br>ERC/DEC/(99)20<br>ERC/DEC/(99)21<br>ERC/DEC/(01)22<br>ERC/DEC/(01)23<br>ERC/DEC/(01)24<br>ERC/DEC/(01)25<br>ERC/DEC/(02)11 | |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 66 | 1555 - 1559 MHz | Мобилни сателитски системи (Т):<br>Spacechecker<br>S-SMS,<br>SUT,<br>Thuraya,<br>Inmarsat-B,<br>Inmarsat-C,<br>Inmarsat-M,<br>Inmarsat-M4,<br>Inmarsat-D,<br>Inmarsat-phone (Mini-M),<br>EMS-PRODAT,<br>EMS-MSSAT | ETS 300 254<br>ETS 300 423<br>EN 301 426<br>EN 301 444<br>EN 301 473<br>EN 301 681 | | | | ERC/DEC/(95)01<br>ERC/DEC/(98)01<br>ERC/DEC/(98)02<br>ERC/DEC/(98)03<br>ERC/DEC/(98)04<br>ERC/DEC/(98)12<br>ERC/DEC/(98)13<br>ERC/DEC/(98)14<br>ERC/DEC/(98)18<br>ERC/DEC/(98)19<br>ERC/DEC/(98)29<br>ERC/DEC/(99)18<br>ERC/DEC/(99)19<br>ERC/DEC/(99)20<br>ERC/DEC/(99)21<br>ERC/DEC/(01)22<br>ERC/DEC/(01)23<br>ERC/DEC/(01)24<br>ERC/DEC/(01)25<br>ERC/DEC/(02)11 | |
| 67 | 1610,0 - 1626,5 MHz | S-PCS | EN 301 473<br>EN 301 441<br>EN 301 721 | -3 dB (W/4 KHz), среден лимит<br>-15 dB (W/4 KHz), врвен лимит | | | ERC/DEC/(97)03<br>ERC/DEC/(97)05 | Мобилни земски станици |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 68 | 1626,5 - 1645,5 MHz | Мобилни сателитски системи (Т):<br>Spacechecker<br>S-SMS,<br>SUT,<br>Thuraya,<br>Inmarsat-B,<br>Inmarsat-C,<br>Inmarsat-M,<br>Inmarsat-M4,<br>Inmarsat-D,<br>Inmarsat-phone (Mini-M),<br>EMS-PRODAT,<br>EMS-MSSAT | ETS 300 254<br>ETS 300 423<br>EN 301 426<br>EN 301 444<br>EN 301 473<br>EN 301 681 | | | | ERC/DEC/(95)01<br>ERC/DEC/(98)01<br>ERC/DEC/(98)02<br>ERC/DEC/(98)03<br>ERC/DEC/(98)04<br>ERC/DEC/(98)12<br>ERC/DEC/(98)13<br>ERC/DEC/(98)14<br>ERC/DEC/(98)18<br>ERC/DEC/(98)19<br>ERC/DEC/(98)29<br>ERC/DEC/(99)18<br>ERC/DEC/(99)19<br>ERC/DEC/(99)20<br>ERC/DEC/(99)21<br>ERC/DEC/(01)22<br>ERC/DEC/(01)23<br>ERC/DEC/(01)24<br>ERC/DEC/(01)25<br>ERC/DEC/(02)11 | |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 69 | 1646,5 - 1656,50 MHz | Мобилни сателитски системи (T): Spacechecker S-SMS, SUT, Thuraya, Inmarsat-B, Inmarsat-C, Inmarsat-M, Inmarsat-M4, Inmarsat-D, Inmarsat-phone (Mini-M), EMS-PRODAT, EMS-MSSAT | ETS 300 254<br>ETS 300 423<br>EN 301 426<br>EN 301 444<br>EN 301 473<br>EN 301 681 | | | | ERC/DEC/(95)01<br>ERC/DEC/(98)01<br>ERC/DEC/(98)02<br>ERC/DEC/(98)03<br>ERC/DEC/(98)04<br>ERC/DEC/(98)12<br>ERC/DEC/(98)13<br>ERC/DEC/(98)14<br>ERC/DEC/(98)18<br>ERC/DEC/(98)19<br>ERC/DEC/(98)29<br>ERC/DEC/(99)18<br>ERC/DEC/(99)19<br>ERC/DEC/(99)20<br>ERC/DEC/(99)21<br>ERC/DEC/(01)22<br>ERC/DEC/(01)23<br>ERC/DEC/(01)24<br>ERC/DEC/(01)25<br>ERC/DEC/(02)11 | соодветни терминали |
| 70 | 1710 - 1785 MHz | DCS 1800 | ETS 300 607<br>ETS 301 419 | 1 W (30dBm)<br>0,25 W (24dBm)<br>4 W (36dBm) | | 200 KHz | ERC/DEC/(97)11<br>ERC/DEC/(98)21 | Мобилни терминали DCS1800 |
| 71 | 1795 - 1800 MHz | SRD: безжични аудио апликации | ETS 301 357 | 20 mW | до 100% | | ERC/REC 70-03 Annex 13 | |
| 72 | 1805 - 1880 MHz | DCS 1800 | ETS 300 607<br>EN 301 419 | 1 W (30dBm)<br>0,25 W (24dBm)<br>4 W (36dBm) | | 200 KHz | ERC/DEC/(97)11<br>ERC/DEC/(98)21 | Мобилни терминали DCS1800 |
| 73 | 1880 - 1900 MHz | DECT | ETS 300 175<br>ETS 300 323<br>EN 301 406 | 250 mW врвна e.r.p. (врвна моќност за временски слот) | | 1728 KHz | ERC/DEC/(95)01<br>ERC/DEC/(98)22 | Безжични терминали DECT |
| 74 | 1900 - 1980 MHz | UMTS/IMT2000 (T) | EN 301 908 | | | | ERC/DEC/(00)06 | Земски мобилни терминали UMTS / IMT2000 |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 75.1 | 1980 - 2010 MHz | UMTS/IMT2000 (T) | EN 301 908 | | | | ERC/DEC/(00)06 | Земски мобилни терминали UMTS / IMT2000 |
| 75.2 | | S-PCS | EN 301 442<br>EN 301 473 | | | | ERC/DEC/(97)03<br>ERC/DEC/(97)05 | Мобилни земски станици |
| 76 | 2010 - 2025 MHz | UMTS/IMT2000 (T) | EN 301 908 | | | | ERC/DEC/(00)06 | Земски мобилни терминали UMTS / IMT2000 |
| 77 | 2110 - 2170 MHz | UMTS/IMT2000 (T) | EN 301 908 | | | | ERC/DEC/(00)06 | Земски мобилни терминали UMTS / IMT2000 |
| 78.1 | 2170 - 2200 MHz | UMTS/IMT2000 (T) | EN 301 908 | | | | ERC/DEC/(00)06 | Земски мобилни терминали UMTS / IMT2000 |
| 78.2 | | S-PCS | EN 301 442 | | | | ERC/DEC/(97)03<br>ERC/DEC/(97)05 | Мобилни земски станици |
| 79.1 | 2400 - 2483.5 MHz | SRD: детекција на движење и алармирање | EN 300 440 | 25 mW e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(01)08<br>ERC/REC/ 70-03 Annex 6 | |
| 79.2 | | SRD: неспецифични уреди | EN 300 440 | 10 mW e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(01)05<br>ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 79.3 | | SRD: широкопојасни системи за пренос на податоци, вклучувајќи и RLAN | EN 300 328 | 100 mW e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(01)07<br>ERC/REC 70-03 Annex 3 | За широкопојасни модулации, освен за FHSS, max e.i.r.p. е ограничена до 10mW/1MHz |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 80.1 | 2446 - 2454 MHz | SRD: радиофреквен. идентификација | EN 300 440 | 500 mW e.i.r.p. | до 100% < 15% | | ERC/REC/ 70-03 Annex 11 | Над 500 mW за внатрешна употреба и duty cycle помал од 15% за секој период од 200 ms |
| 80.2 | | SRD: железнички апликации (автоматска идентификација на вагони) | EN 300 761 | 500 mW e.i.r.p. | | | ERC/REC/ 70-03 Annex 4 | Предава само во присуство на воз. 5 канали, секој по 1,5 MHz |
| 81 | 2483,5 - 2500 MHz | S-PCS | EN 301 441 EN 301 473 | -dB (W/4 KHz), средна вредност -15dB (W/4 KHz), врвна вредност | | | ERC/DEC/(97)03 ERC/DEC/(97)05 | Мобилни земски станици |
| 82 | 2500 - 2690 MHz | UMTS/IMT2000 (T) | | | | | ERC/DEC/(00)06 | Земски мобилни терминали UMTS / IMT2000 |
| 83 | 3400 - 4200 MHz | фиксни сателитски системи, што употребуваат ROES (T) | | | | | ERC/DEC/(99)26 | Земски терминали наменети само за прием (ROES) |
| 84 | 5150 - 5250 MHz | SRD: широкопојасни системи за пренос на податоци (HIPERLAN) | EN 301 893 | 200mW max mean (максимална средна) | | | ECC/DEC/(04)08 ERC/REC/ 70-03 Annex 3 | Само за внатрешна употреба. Максималната средна e.i.r.p. е до 0,25mW/25kHz за секој 25 kHz опсег |
| 85 | 5250 - 5350 MHz | SRD: широкопојасни системи за пренос на податоци (HIPERLAN) | EN 301 893 | 200mW max mean (максимална средна) | | | ECC/DEC/(04)08 ERC/REC/ 70-03 Annex 3 | Само за внатрешна употреба. Максималната средна e.i.r.p. е до 10mW/MHz за секој 1 MHz опсег |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 86 | 5725 - 5875 MHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 440 | 25 mW e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(01)06 ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 87 | 5795 - 5805 MHz | SRD: патно-транспортна и сообраќајна телеметрија (RTTT) | EN 300 674 | 2 W e.i.r.p. 8 W e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(02)01 ERC/REC 70-03 Annex 5 | |
| 88 | 9200 - 9500 MHz | SRD: детекција на движење и алармирање | EN 300 440 | 25 mW e.i.r.p. | | | ERC/REC/ 70-03 Annex 6 | |
| 89 | 9500 - 9975 MHz | SRD: детекција на движење и алармирање | EN 300 440 | 25 mW e.i.r.p. | | | ERC/REC/ 70-03 Annex 6 | |
| 90 | 10,5 - 10,6 GHz | SRD: детекција на движење и алармирање | EN 300 440 | 500 mW e.i.r.p. | | | ERC/REC/ 70-03 Annex 6 | |
| 91 | 10,7 - 11,7 GHz | Фиксни сателитски системи, што употребуваат SIT (T) | ETS 300 255 | | | | ERC/DEC/(95)01 ERC/DEC/(98)15 | Терминали Omnitracs |
| 92.1 | 10,7 - 12,75 GHz | Фиксни сателитски системи, што употребуваат SIT (T) | EN 301 459 | до 2 W, до 50 dBW e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(00)03 | Сателитски интерактивни терминали SIT (T) |
| 92.2 | | Фиксни сателитски системи и радиодифузни сателитски системи, што употребуваат ROES (T) | EN 301 428 EN 301 430 EN 301 459 EN 301 360 | | | | ERC/DEC/(99)26 | Земски станици, наменети само за прием на (ROES) |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 93 | 11,45 - 11,70 GHz | Мобилен сателитски систем ARCANET(T) | ETS 300 255 | | | | ERC/DEC/(98)24 | Преносливи терминали ARCANET |
| 94.1 | 12,5 - 12,75 GHz | Мобилен сателитски систем Euteltracks | ETS 300 255 | | | | ERC/DEC/(95)01<br>ERC/DEC/(98)15 | Терминали Omnitracs |
| 94.2 | | Фиксни сателитски системи, што употребуваат VSAT | EN 301 428<br>EN 301 430 | до 2 W,<br>до 50 dBW e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(00)05 | Терминали VSAT поставени на растојание поголемо од 500 m од аеродромска ограда. |
| 94.3 | | Мобилен сателитски систем ARCANET(T) | ETS 300 255 | | | | ERC/DEC/(98)24 | Преносливи терминали ARCANET |
| 95 | 13,4 - 14,0 GHz | SRD: детекција на движење и алармирање | EN 300 440 | 25 mW e.i.r.p. | | | ERC/REC/ 70-03 Annex 6 | |
| 96.1 | 14 - 14,25 GHz | Мобилен сателитски систем Euteltracks | ETS 300 255 | | | | ERC/DEC/(95)01<br>ERC/DEC/(98)15 | Терминали Omnitracs |
| 96.2 | | Фиксни сателитски системи, што употребуваат VSAT | EN 301 428 | до 2 W,<br>до 50 dBW e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(00)05 | Терминали VSAT поставени на растојание поголемо од 500 m од аеродромска ограда. |
| 96.3 | | Мобилен сателитски систем ARCANET(T) | ETS 300 255 | | | | ERC/DEC/(98)24 | Преносливи терминали ARCANET |
| 97 | 17,7 - 20,2 GHz | Фиксни сателитски системи и радиодифузни сателитски системи, што употребуваат ROES (T) | | | | | ERC/DEC/(99)26 | |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 98 | 19,7 - 20,2 GHz | Фиксни сателитски системи, што употребуваат SUT (T) | EN 301 459 | до 2 W,<br>до 50 dBW e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(00)04 | Сателитски кориснички терминали SUT (T) |
| 99 | 24 - 24,25 GHz | SRD: неспецифични уреди | EN 300 440 | 100 mW e.i.r.p. | | | ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 100 | 24,05 - 24,25 GHz | SRD: детекција на движење и алармирање | EN 300 440 | 100 mW e.i.r.p. | | | ERC/REC 70-03 Annex 6 | |
| 101.1 | 29,5 - 30 GHz | Фиксни сателитски системи, што употребуваат SIT (T) | EN 301 459 | до 2 W,<br>до 50 dBW e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(00)03 | Сателитски интерактивни терминали SIT (T) |
| 101.2 | | Фиксни сателитски системи, што употребуваат SUT (T) | EN 301 459 | до 2 W,<br>до 50 dBW e.i.r.p. | | | ERC/DEC/(00)04 | Сателитски кориснички терминали SUT (T) |
| 102 | 57 - 59 GHz | Фиксни линкови | EN 301 751 | | | | ERC/REC 12-09 | |
| 103 | 61 - 61,5 GHz | SRD: неспецифични уреди | | 100 mW e.i.r.p. | | | ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 104 | 63 - 64 GHz | SRD: патно-транспортна и сообраќајна телеметрија | | | | | ERC/DEC/(02)01<br>ERC/REC 70-03 Annex 5 | Системи возило - возило и пат - возило |
| 105 | 76 - 77 GHz | SRD: патно-транспортна и сообраќајна телеметрија | EN 301 091 | 55 dBm врвна | | | ERC/DEC/(02)01<br>ERC/REC 70-03 Annex 5 | Радари |
| 106 | 77 - 81 GHz | автомобилски радари со краток домет | | - 3 dbm/MHz e.i.r.p. max средна со 55 dbm e.i.r.p. max врвна | | | ERC/DEC/(04)03 | |

| Р. бр. | Радиофреквенции | Употреба | Стандард | Моќност / Магнетно поле | Коефициент (Duty Cycle) | Ширина на канал | CEPT документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 107 | 122 -123 GHz | SRD: неспецифични уреди | | 100 mW e.i.r.p. | | | ERC/REC 70-03 Annex 1 | |
| 108 | 224 -246 GHz | SRD: неспецифични уреди | | 100 mW e.i.r.p. | | | ERC/REC 70-03 Annex 1 | |

Напомена: (Т) се однесува само на терминал

Коефиц

фреква

## СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| CEPT | European Conference of Postal and Telecommunications Administrations |
| DCS 1800 | Digital Communication System 1800 |
| DECT | Digital European Cordless Telecommunications |
| ECC | Electronic Communications Committee |
| ECC/DEC | ECC Decision |
| ECC/REC | ECC Recommendation |
| E - GSM | Extended GSM |
| e.i.r.p. | Equivalent Isotropically Radiated Power |
| EAS | Emergency Alert System |
| ERC | European Radiocommunications Committee |
| ERC/DEC | ERC Decision |
| ERC/REC | ERC Recommendation |
| FHSS | Frequency Hopping Spread Spectrum |
| GSM | Global System for Mobile Communications |
| GSM-R | GSM-Railway |
| HIPERLAN | High Performance Radio Local Area Network |
| IMT-2000 | International Mobile Telecommunications-2000 |
| PAMR | Public Access Mobile Radio |
| PMR | Professional Mobile Radio |
| PMR 446 | Professional Mobile Radio 446 |
| RFID | Radio Frequency Indentification Devices |
| RLAN | Radio Local Area Network |
| ROES | Receive Only Earth Station |
| RTTT | Road Transport & Traffic Telematics |
| SIT | Satellite Interactive Terminal |
| S-PCS | Satellite Personal Communications Services/Systems |
| SRD | Short Range Device |
| SUT | Satellite User Terminal |
| UMTS | Universal Mobile Telecommunications System |
| VSAT | Very Small Aperture Terminal |

**42.**

Врз основа на член 14 точка а) и член 28 став (8) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија” бр.13/2005), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 07.07.2005 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА НОТИФИКАЦИЈАТА, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОТВРДАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

Член 1

**Цел**

Со овој Правилник се пропишува содржината и формата на нотификацијата, потребната документација и потврдата за регистрација, што треба да се обезбедат пред започнување на изградба и/или употреба на јавни електронски комуникациски мрежи и/или обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги и менување или прекин во обезбедувањето на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги.

Член 2

**Содржина на нотификација**

(1) Нотификацијата за започнување на изградба и/или употреба на јавни електронски комуникациски мрежи и/или обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги содржи:

(а) име, седиште, единствен даночен број и регистарски број на подносителот на нотификацијата, како и податоци за законскиот застапник на подносителот на нотификацијата со име, адреса, број за контакт и единствен матичен број;

(б) датум на започнување на јавните електронски комуникациски услуги;

(в) листа на јавни електронски комуникациски услуги, а особено:

1. изградба на јавна електронска комуникациска мрежа и тоа: јавна фиксна телефонска мрежа, јавна мобилна комуникациска мрежа, јавна мрежа за пренос на податоци, јавна радиокомуникациска мрежа, кабелска телевизиска мрежа и други јавни електронски комуникациски мрежи;

2. обезбедување на јавни фиксни телефонски услуги, јавни мобилни комуникациски услуги, јавни услуги за пренос на податоци, услуги на изнајмени линии, јавни радиокомуникациски услуги, јавна услуга на говор преку мрежа со комутација на пакети (Интернет протокол и други протоколи) и други јавни електронски комуникациски услуги;

3. други јавни електронски комуникациски услуги и тоа: давање на капацитети под наем, давање на преносни системи под наем, услуги со додадена вредност, пристап со широк опсег преку кабелска телевизиска мрежа;

(г) краток опис на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги;

(д) подрачјето на кое ќе се врши јавната електронска комуникациска активност;

(ѓ) сопственост на јавна електронска комуникациска мрежа и начин на вршење на јавните електронски комуникациски услуги.

(е) изјава од законскиот застапник на подносителот на нотификацијата за вистинитост, точност и целосност на податоците, доказите и другите информации содржани во нотификацијата.

(2) Подносителот на нотификацијата може да нотифицира една или повеќе јавни електронски комуникациски услуги наведени во став 1 точка в) на овој член.

(3) Нотификацијата содржи потпис на законскиот застапник овластен во писмена форма и печат на подносителот. Доколку подносителот на нотификацијата претставува група на компании (асоцијација, спојување од неколку фирми, итн.) законскиот застапник мора да биде овластен од сите компании или пак од компанијата која ја има контролната улога во групата.

Член 3

**Содржина на нотификација за менување или прекин на услуга**

(1) Секој регистриран оператор на јавни електронски комуникациски мрежи и давател на јавни електронски комуникациски услуги, пред да престане да врши или сака да ја промени определената јавна електронска комуникациска услуга на која се однесува нотификацијата, доставува посебна нотификација до Агенцијата за менувањето, односно прекин во обезбедувањето на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги.

(2) Нотификацијата од став 1 на овој член содржи:

(а) име, седиште, единствен даночен број и регистарски број на подносителот на нотификацијата, како и податоци за законскиот застапник на подносителот на нотификацијата со име, адреса, број за контакт и единствен матичен број;

(б) јавната електронска комуникациска услуга што се менува, односно прекинува;

(в) датум на менување, односно прекин на јавната електронска комуникациска услуга;

(г) изјава од законскиот застапник на подносителот на нотификацијата за вистинитост, точност и целосност на податоците, доказите и другите информации содржани во нотификацијата.

(3) Нотификацијата за менување, односно прекин во обезбедувањето на одредена јавна електронска комуникациска услуга од став 1 на овој член се поднесува во рок не подолг од 30 (триесет) дена пред предложената промена, односно прекин на јавната електронска комуникациска услуга.

(4) Во случај на прекин на сите јавни електронски комуникациски услуги, Агенцијата го брише правното и физичкото лице од листата од член 6 став (4) на овој Правилник.

Член 4

**Форма на нотификацијата**

(1) Образците на нотификацијата од член 2 и член 3 од овој Правилник се дадени во Прилог 1 и Прилог 2 кои се составен дел на овој Правилник.

(2) Образците од став 1 на овој член можат да се подигнат во Агенцијата или да се преземат од веб-страната на Агенцијата.

Член 5

**Потребна документација**

(1) Кон нотификацијата од член 2 и член 3 на овој Правилник, се доставува следната потребна документација:

(а) фотокопија од уверението за регистрација на подносителот, заверена со потпис од лице овластено од подносителот и со печат на подносителот (доколку подносителот претставува група на компании, асоцијација, спојување на неколку компании, итн., мора да се достави фотокопија од уверение за регистрација за секое правно лице посебно, заедно со структурата на групата);

(б) документ со кој се потврдува статусот на компаниите кои ја сочинуваат групата во случај кога нотификацијата е поднесена од група на компании (асоцијација, спојување на неколку компании, итн.);

(в) документ со кој се потврдува дека законскиот застапник е овластен да ја потпише нотификацијата;

(г) изјава од законскиот застапник во која се наведува дека податоците дадени во нотификацијата се точни и дека се исполнети сите технички, безбедносни и други услови за работење со јавни електронски комуникациски мрежи и за вршење на јавни електронски комуникациски услуги.

(2) Нотификацијата со потребната документација се доставува до Агенцијата, а во случај на достава по пошта истата се доставува во форма на препорачана пратка.

(3) Доколку Агенцијата утврди дека нотификацијата од член 2 и член 3 на овој Правилник не ги содржи сите потребни податоци и документација, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на нотификацијата ќе го извести подносителот да ја дополни нотификацијата со потребните податоци.

(4) Подносителот на нотификацијата ќе ги достави потребните податоци и документација во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на известувањето од Агенцијата.

(5) Подносителот на нотификацијата ја известува Агенцијата за промена на податоците дадени во нотификацијата најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од денот на настанатата промена.

Член 6

**Потврда за регистрација**

(1) Агенцијата врши регистрација на подносителот на нотификацијата со запишување во службената евиденција на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на нотификацијата, по која ќе му се достави писмена потврда за извршена регистрација.

(2) Потврдата се доставува во рок од 7 (седум) дена од денот на уписот во службената евиденција на Агенцијата или од приемот на барањето на барателот за издавање на таква потврда.

(3) Регистрацијата во Агенцијата не претставува доволен услов за остварување на правата и обврските на операторите или давателите на услуги согласно Законот за електронските комуникации или друг закон. Потврдата за регистрација издадена од Агенцијата сама по себе не создава права или обврски согласно Законот за електронските комуникации, доколку не бидат исполнети другите услови предвидени со Законот за електронските комуникации и друг закон.

(4) Агенцијата согласно издадените потврди за регистрација на својата веб страна ќе објави листа на правни и физички лица кои имаат намера да вршат јавни електронски комуникациски услуги.

(5) Доколку подносителот на нотификацијата не започне со вршење на услугите во рокот наведен во нотификацијата или не ја извести Агенцијата за промена на датумот за започнување, се брише од листата на правни и физички лица кои имаат намера да вршат јавни електронски комуникациски услуги.

Член 7

**Влегување во сила**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

По неговото влегување во сила, овој Правилник ќе биде објавен на веб-страната на Агенцијата.

Претседател
на Комисијата на Агенција
за електронски комуникации,
**Софче Јовановска,** с.р.

ПРИЛОГ 1

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
ул. „Даме Груев" бр. 1
1000 Скопје
Република Македонија

тел: +389 23 224 511
факс: +389 23 224 611
e-mail: contact@aec.mk
даночен број: 4030005556148

**НОТИФИКАЦИЈА**
**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ СО ВРШЕЊЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА УСЛУГА**

__________________ Бр. _______________
(датум на поднесување) (пополнува Агенцијата)

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Пополнува физичко лице

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| Матичен број | |

Пополнува правно лице

| | |
|---|---|
| Фирма (полно име)[1] | |
| Фирма (скратено име) | |
| Седиштe | |
| Даночен број | |
| Судски регистерски број | |
| Телефонски број | |
| Број на факс | |
| e-mail | |
| Веб-страна | |

[1] Доколку подносителот на нотификацијата претставува група на компании (асоцијација, здружение од неколку фирми, конзорциум, итн.), податоците за седиштето и информациите за контакт, како и фотокопии од судските регистрации мораат да се достават за секоја компанија посебно која ја сочинува групата

## ПОДАТОЦИ ЗА ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ/УСЛУГИ

| | |
|---|---|
| **1. Обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи** | ☐ Обезбедување на јавна фиксна телефонска мрежа<br>☐ локална (во географско нумерациско подрачје)<br>☐ опфаќа повеќе од едно нумерациско подрaје<br>☐ национална<br>☐ интернационален портал<br>☐ Обезбедување на јавна мобилна комуникациска мрежа<br>☐ локална (на територијата на административна единица)<br>☐ национална<br>☐ Обезбедување на јавна мрежа за пренос на податоци<br>☐ локална (на територијата на административна единица)<br>☐ национална<br>☐ Обезбедување на јавна радиокомуникациска мрежа<br>☐ локална (на територијата на административна единица)<br>☐ национална<br>☐ Обезбедување на кабелска телевизиска мрежа<br>☐ локална (на територијата на административна единица)<br>☐ национална |
| **2. Обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги** | ☐ Обезбедување на јавни фиксни телефонски услуги<br>☐ локална телефонска комуникација<br>☐ меѓумесна национална телефонска комуникација<br>☐ меѓународна телефонска комуникација<br>☐ Обезбедување на јавни мобилни телефонски услуги<br>☐ Обезбедување на јавни услуги на говор преку мрежи со комутација на пакети (Интернет протокол и други протоколи)<br>☐ Обезбедување на услуги на изнајмени линии<br>☐ Обезбедување на јавни услуги за пренос на податоци<br>☐ Обезбедување на јавни радиокмуникациски услуги<br>☐ Обезбедување на други услуги<br>____________________(да се наведе) |

(се маркира квадратчето пред јавната електронска комуникациска мрежа и/или услуга која се нотифицира)

| | |
|---|---|
| **3. Датум на започнување на јавната електронска комуникациска услуга**<br>(Да се наведе за секоја поднесена комуникациска услуга планираната динамика, вклучително и податоци за започнување на работа на мрежа и/или започнување на обезбедување на услуги) | |
| **4. Подрачје на кое има намера да се вршат јавните електронски комуникациски услуги**<br>(За секоја поднесена јавна електронска комуникациска услуга да се наведе географската област, вклучително и населените места што ќе бидат опфатени со јавната електронска комуникациска услуга) | |
| **5. Опис на јавните електронски комуникациски мрежи и/или услуги што има намера да ги дава**<br>Овој одговор може да се достави и како дополнителен документ<br>(За секоја поднесена јавна електронска комуникациска услуга да се наведе:<br>(1) дали ќе се гради мрежа или дел од неа;<br>(2) дали ќе се користи мрежа на друг оператор;<br>(3) какви технологии ќе се користат; | |

| | |
|---|---|
| (4) листа на секоја услуга и/или мрежа одделно што се планира да се врши; и<br>(5) краток опис на секоја услуга, итн.) | |
| **6. Други потребни одобренија**<br><br>(За секоја електронска комуникациска услуга одделно да се наведат потребните одобренија од други надлежни органи согласно член 29 од Законот за електронските комуникации и доколку истите се веќе поднесени, соодветниот датум на поднесување, на пр. одобрение за градење, одобрение за употреба, одобрение за фреквенции, итн.) | ***Поднесено барање за одобрение***<br>***Да Не***<br>☐ ☐<br>☐ ☐<br>☐ ☐<br>☐ ☐<br>☐ ☐ |
| **7. Податоци за законскиот застапник**<br><br>(Да се приложи документација како доказ дека законскиот застапник на корпорацијата или друго правно лице постапува согласно даденото овластување) | Име и презиме ____________________<br>Фирма/позиција ____________________<br>Матичен број ____________________<br>Адреса ____________________<br>____________________<br>Телефон ______________ Факс ______________<br>e-mail ______________ Друг телефон______________ |

**ПРИЛОЗИ:**

1. Фотокопија од судската регистрација на правното лице, _______ страници;[1]
2. Документ(и) со кој(и) се потврдува овластувањето на законскиот застапник за потпишување на нотификацијата, ______ страници;
3. Документ(и) со кои се потврдува статусот на компаниите кои ја сочинуваат групата (доколку нотификацијата ја доставува група на компании (асоцијација, спојување, конзорциум, итн.) ______ страници;
4. Друго (да се наведе):

_______________________________________________, ___ страници;

_______________________________________________, ___ страници.

_______________________________________________, ___ страници;

_______________________________________________, ___ страници.

## ИЗЈАВА НА ЗАКОНСКИОТ ЗАСТАПНИК

Со ова потврдувам дека податоците, доказите и другите информации содржани во оваа нотификација и сите прилози кои истата се вистинити, точни и целосни заклучно со датумот на истата и дека ги исполнуваат условите предвидени со член 28 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005),

| | | |
|---|---|---|
| ____________________ | ________________________________ | ____________________ |
| (потпис) | (име, презиме) | (позиција) |

[1] Правилото од фуснотата 1 на овој Образец се однесува и на документацијата од овој дел.

# ПРИЛОЗИ КОН ОБРАЗЕЦОТ ЗА НОТИФИКАЦИЈА

ПРИЛОГ 2

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
ул. „Даме Груев“ бр. 1
1000 Скопје
Република Македонија

тел: +389 23 224 511
факс: +389 23 224 611
e-mail: contact@aec.mk
даночен број: 4030005556148

## НОТИФИКАЦИЈА
### ЗА МЕНУВАЊЕ И/ИЛИ ПРЕКИН НА ВРШЕЊЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА УСЛУГА

____________________
(датум на поднесување)

Бр. ________________
(на уписот во евиденцијата на Агенцијата)

### ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Пополнува физичко лице

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| Матичен број | |

Пополнува правно лице

| | |
|---|---|
| Фирма (полно име)[1] | |
| Фирма (скратено име) | |
| Седиште | |
| Даночен број | |
| Судски регистерски број | |
| Телефонски број | |
| Број на факс | |
| e-mail | |
| Веб-страна | |

[1] Доколку подносителот на нотификацијата претставува група на компании (асоцијација, спојување од неколку фирми, конзорциум, итн.), податоците за седиштето и информациите за контакт, како и фотокопии од судските регистрации мораат да се доставaт за секоја компанија посебно која ја сочинува групата

## ПОДАТОЦИ ЗА ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ/УСЛУГИ

| | |
|---|---|
| **1. Менување /прекин на обезбедување на определена јавна електронска комуникациска услуга/мрежа** | |
| **2. Датум на менување / прекин на јавната електронска комуникациска услуга/мрежа** | |
| **3. Податоци за законскиот застапник**<br>(Да се приложи документација како доказ дека законскиот застапник на корпорацијата или друго правно лице постапува согласно даденото овластување) | Име и презиме ____________________<br>Фирма/позиција ____________________<br>Матичен број ____________________<br>Адреса ____________________<br>____________________<br>Телефон ______________ Факс ______________<br>e-mail ______________ Друг телефон______________ |

**ПРИЛОЗИ:**

1. Документ(и) со кој(и) се потврдува овластувањето на законскиот застапник за потпишување на нотификацијата, ______ страници;

## ИЗЈАВА НА ЗАКОНСКИОТ ЗАСТАПНИК

Со ова потврдувам дека податоците, доказите и другите информации содржани во оваа нотификација и сите прилози кон истата се вистинити, точни и целосни заклучно со датумот на истата и дека ги исполнуваат условите предвидени со член 28 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005).

| ______________ | ______________ | ______________ |
|---|---|---|
| (потпис) | (име, презиме) | (позиција) |

**43.**

Врз основа на член 14 точка а) и член 79 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации, на состанокот одржан на ден 07.07.2005 година донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА БРОЕВИ И СЕРИИ НА БРОЕВИ И ПОДАТОЦИТЕ ШТО СЕ ПРИЛОЖУВААТ КОН БАРАЊЕТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на барањето за доделување на броеви и серии на броеви и податоците што се приложуваат кон барањето.

Член 2

Барање за доделување на броеви и серии на броеви може да поднесе оператор на јавна комуникациска мрежа, давател на јавна комуникациска услуга или краен корисник.

Член 3

Барањето за доделување на броеви и серии на броеви содржи:

а) основни податоци за подносителот на барањето;

б) податоци за видот, количината и целта на користење на броевите или сериите на броеви што се бараат и тоа за:

- серии на броеви во фиксна телефонска / мобилна комуникациска мрежа;
- скратен број во нумерациско географско подрачје;
- скратен број на оператори на јавни комуникациски мрежи;
- скратен број на оператор на јавни комуникациски мрежи за услуги за грижа за корисниците;
- негеографски броеви од сериите 05 и 08;
- промена на броеви или серии на броеви;
- промена на носител на правото на користење на броеви или серии на броеви;
- повлекување на доделени броеви или серии на броеви;

в) планиран датум на започнување со користење на броевите или сериите на броеви;

г) датум до кој подносителот на барањето планира да го користи доделениот број или серијата на броеви.

Член 4

Образецот на барањето за доделување на броеви и серии на броеви е даден во прилог на овој Правилник и е негов составен дел.

Образецот од став 1 на овој член може да се подигне од Агенцијата за електронски комуникации или да се преземе од веб-страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Член 5

Кон барањето за доделување на броеви и серии на броеви се приложуваат следните документи:

а) известување или решение за распоредување по дејности од Државниот завод за статистика;

б) прилог бр. 1,3 и 6 од судската регистрација;

в) мислење од оператор на јавна електронска комуникациска мрежа за техничката можност за реализација на броевите од сериите 05 и 08.

Член 6

Барањето за доделување на броеви и серии на броеви со потребните податоци од член 5 на овој Правилник се доставува до Агенцијата за електронски комуникации, а во случај на достава по пошта истото се доставува како препорачана пратка.

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".

По влегувањето во сила, овој Правилник ќе биде објавен и на веб-страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Претседател
на Комисијата на Агенција
за електронски комуникации,
**Софче Јовановска,** с.р.

ПРИЛОГ

До
**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ**
ул. "Даме Груев" бр.1
1000 Скопје

Врз основа на член 79 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на РМ", бр. 13/2005), поднесувам:

**БАРАЊЕ**
за доделување на броеви / серии на броеви

## 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Пополнува физичко лице

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| Матичен број | |

Пополнува правно лице

| | |
|---|---|
| Фирма (полн назив) | |
| Адреса | |
| Седиште | |
| Даночен број | |
| Судски регистерски број | |
| Телефонски број | |
| Број на факс | |
| e-mail | |
| Веб страна | |

## 2. ВИД НА БАРАЊЕТО

- ☐ Прв пат барам броеви (да се пополни 3.а., 3.б., 3.в., 3.г. или 3.д.)
- ☐ Барам дополнителни броеви (да се пополни 3.а., 3.б., 3.в., 3.г. или 3.д.)
- ☐ Барам промена на број (броеви) (да се пополни 3.ѓ.)
- ☐ Барам промена на носител на право за користење на број (броеви) (да се пополни 3.е.)
- ☐ Барам повлекување на доделен број (броеви) (да се пополни 3.ж.)

## 3. БРОЕВИ / СЕРИИ НА БРОЕВИ

### 3.а. Серии на броеви во фиксна телефонска / мобилна комуникациска мрежа

(да се заокружи за која јавна електронска комуникациска мрежа се бараат серии на броеви)

| Нумерациско подрачје | НДК (национален дестинациски код) | Серија на броеви | Датум на започнување со користење |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Датум до кој подносителот на барањето сака да му бидат доделени броевите или сериите на броеви ______________________________________________

### 3.б. Скратен број во нумерациско географско подрачје

| Скратен број | НДК | Вид на услуга | Датум на започнување со користење |
|---|---|---|---|
| | | | |

Датум до кој подносителот на барањето сака да му биде доделен бројот ________

### 3.в. Скратен број на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

| Скратен број | НДК | Вид на услуга | Датум на започнување со користење |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Датум до кој подносителот на барањето сака да му бидат доделени броевите _________

**3.г. Скратен број на оператор на јавни електронски комуникациски мрежи за услуги за грижа за корисниците**

| Скратен број | НДК | Вид на услуга | Датум на започнување со користење |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Датум до кој подносителот на барањето сака да му бидат доделени броевите ______

**3.д. Негеографски броеви од сериите 05 и 08**

| Негеографски број | Начин на тарифирање | Вид на услуга | Услугата е наменета за возрасни (да/не) | Датум на започнување со користење |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**3.ѓ. Промена на броеви / серии на броеви**

Молам да извршите замена на броевите/сериите на броеви:

______________________________ со: ______________________________
______________________________ со: ______________________________
______________________________ со: ______________________________

Датум кога ќе биде извршена замената: _________________________.
Дополнителни податоци (да се наведе причината за промената): _________________

**3.е. Промена на носител на правото за користење на броеви / серии на броеви**

Молам да извршите промена на носителот на правото за користење на броевите/сериите на броеви:

__________________________________________

од

__________________________________________

__________________________________________

(име на стариот носител на правото за користење на броj/серии на броеви и адреса)

на

__________________________________________

__________________________________________

(име на новиот носител на правото за користење на броj/серии на броеви и адреса)

Датум кога ќе биде извршена замената: ____________________.

Дополнителни податоци (да се наведе причината за промената): ________________

__________________________________________.

**3.ж. Повлекување на доделени броеви / серии на броеви**

Молам да извршите повлекување на броевите/сериите на броеви:

____________________

____________________

____________________

Датум кога ќе биде извршено повлекувањето: ____________________.

Дополнителни податоци (да се наведе причината за повлекувањето): ____________

__________________________________________.

**4. Други документи и прилози**

а. Известување или Решение за распоредување по дејности од Завод за статистика (основни податоци за давателот на услугата);

б. Прилог бр. 1, 3 и 6 од судска регистрација (назив, шифра на дејност и директор);

в. Мислење од оператор на јавна електронска комуникациска мрежа за техничка можност за реализација на броеви од сериите 05 и 08

________________________________

(име и презиме на подносителот на барањето или овластен претставник)

________________________

(адреса)

______________

(потпис)

__________

(датум)

______________

(датум на прием на барањето)

---

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Врз основа на член 16-а од Законот за данок на добивка (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002 и 51/2003) и член 30-з став 1 од Законот за персоналниот данок на доход (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02 и 96/04) Државниот завод за статистика ги утврдува и објавува

### КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ И ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ЈУНИ 2005 ГОДИНА

**- претходни податоци-**

1. Месечниот коефициент на порастот на цените на производителите на индустриски производи во јуни 2005 година во однос на мај 2005 година е 0.004.

2. Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на јуни 2005 година во однос на декември 2004 година е 0.028.

3. Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи во јуни 2005 година во однос на јуни 2004 година е 0.024.

Директор,
**Катерина Костадинова-Даскаловска**, с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Збирки прописи од областа на локалната самоуправа**, *2004* | |
| а) | **I книга** – *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | 900.00 |
| б) | **II книга** – *(Законите за: комуналните такси; данаци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност).* | 600.00 |
| в) | **III книга** – *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | 700.00 |
| г) | **IV книга** – *(Закон за управување со отпадот; Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Законите за заштита на природата)* | 500.00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | 2100.00 |
| 2 | **Закон за трговските друштва, со вовед**, *2004* | 800.00 |
| 3 | **Закон за јавните набавки**, *2004* *(со подзаконските акти)* | 200.00 |
| 4 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | 900.00 |
| 5 | **Кривичен законик** од *Д-р Владо Камбовски* *(со измените и дополнувањата од 1999 и 2002 година со краток коментар, објаснувања и регистар на поими)*<br>- плус Додаток со измените и дополнувањата на КЗ од 2003 и 2004 | 600.00 |
| 6 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право**, *2002* | 150.00 |
| 7 | **Закон за општата управна постапка** (со коментар)<br>*Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | 600.00 |
| 8 | **Закон за извршната постапка**<br>*Д-р С. Георгиевски, 2002* | 300.00 |
| 9 | **Закон за прекршоците** (со објаснувања, коментари, судска практика, со прилози)<br>*Д-р Ј. Прокоски, М. Крцкоски, 1998* | 350.00 |
| 10 | **Закон за спречување на корупцијата**<br>*Со Закони за ратификација на конвеции*<br>*Д-р Ј. Прокоски (со објаснувања), 2002* | 250.00 |
| 11 | **Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци)<br>*Д-р С. Георгиевски, 2000* | 250.00 |
| 12 | **Збирка на прописи од областа на државјанството**<br>*Д-р Ф. Стоев, М-р М. Лазарова – Трајковска, 1998* | 200.00 |
| 13 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани и рамковен договор)*<br>на македонски јазик (мек повез)<br>на англиски јазик (мек повез) | 300.00<br>400.00 |
| 14 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | 5200.00 |
| 15 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | 1500.00 |
| 16 | **Регистар на Прописи на РМ** | 3700.00 |
| 17 | **WEB - базата на прописи од 1945 до денес.**<br>**www.slvesnik.com.mk** | |

## П О Р А Ч К А бр. 58

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци;

р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци;

р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ______________________________________________

**Место:** _________, **ул.** ____________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________, _______**2005 година.** **(М.П.)** ____________________

**НОВО, НОВО, НОВО !!!**

# З А К О Н

# ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА

## СО КОМЕНТАР

од Проф. Д-р Симеон **Гелевски**

**Цена - 600,00 денари.**

## П О Р А Ч К А

**Со ова неотповикливо го порачувам изданието - Закон за општата управна постапка со коментар во ____________ примероци.**

**Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000 - Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.**

**Порачател:** ____________________________________________

**Место:** __________ **ул.** ___________________ **бр.** _____, **тел/факс** ___________

**Потпис на порачателот**

**Во** __________, ________**200**__ **година.** **(М.П.)** ____________________

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2005 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.
Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.